ПРЕВЕНЦИЈА ОД ВООРУЖЕНО НАСИЛСТВО

ТРАНЗИЦИСКА ПРАВДА: ЧИЛЕ

„EITAN“ – ИЗРАЕЛСКИ ОКЛОПЕН ТРАНСПОРТЕР

„NAKAJIMA KI-84 HAYATE“

# ШТИТ

Број 166
август 2023

ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## Баталјон за специјални сили

## Комбинирана обука за изведување специјални операции на водени површини



# Презентација на новите

Во касарната „Јане Сандански“ во Штип пред министерката за одбрана Славјанка Петровска, началникот на ГШ на Армијата, генералот Васко Ѓурчиновски, американската амбасадорка Анџела Агелер и пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, беа презентирани новите оклопни возила од типот „JLTV“ кои се составен дел на арсеналот на Армијата. Армијата во моментов располага со 32 вакви возила од американско производство, кои се набавени во рамки на процесот на модернизација и опремување на македонската Армија кој вклучува набавка и на оклопни транспортери од типот „Stryker“, нови системи за противвоздушна одбрана, артилериски системи, нови повеќенаменски хеликоптери и друга опрема со која се зголемува безбедноста на државата и колективната безбедност на Алијансата. Министерката Петровска пред присутните истакна дека македонската Армија долго време беше оставена и без поддршка со низок војнички стандард без доволно средства за одржување а камоли нејзин развој и опремување, а дека денеска зборуваме за современо вооружување. „Пред десетина години главни предизвици беа војничките чизми и униформи, превозот, исхраната, денес тоа се редовни набавки за кои зборуваме како да ги подобриме, а не дали ќе ги подобриме. Денес зборуваме и планираме набавки на лесни оклопни возила, нови оклопни транспортери, нови системи за противвоздушна одбрана, артилериски системи, нови хеликоптери и многу современо вооружување“, рече министерката. Министерката Петровска порача дека продолжуваат инвестициите и во опрема, но и во човечки капитал



# е оклопни возила „JLTV”

и најави дека наскоро ќе започнат консултациите за новите измени во Законот за служба во Армијата кои дополнително ќе го подобрат стандардот на армиските припадници.

„Колку ја сакаме државата покажуваме со инвестициите во одбраната и во опрема и во вооружување, но и во човечки капитал. Наскоро ќе започнат консултации со синдикатите за новите измени за Законот за служба во Армијата со кои ќе одговориме на предизвиците и уште повеќе ќе ги унапредиме условите за работа и живот на припадниците на македонската Армија. Затоа што припадниците на Армијата тоа го заслужуваат, тие не се плашат да одговорат на секоја задача, за нив нема пречка, има само предизвик, а мене, вие, припадниците на Армијата, ми давате сила да истраам во нашата заедничка мисија – горди на Армијата”, истакна министерката Петровска. Генералот Ѓурчиновски во своето обраќање истакна дека со ставањето во оперативна готовност на добиените лесни оклопни возила, како и современите средства кои се очекува да пристигнат во понатамошниот период, значително се подобрува оперативната способност и борбена готовност на Армијата. На припадниците од 2. пешадиски баталјон во чиј состав се овие современи борбени средства им оддаде признание за остварените резултати и им порача да ги достигнат потребните стандарди во обуката и одржувањето на овие средства. Амбасадорката Агелер им честиташе на министерката Петровска и на граѓаните на Северна Македонија за набавката на овие возила кои се значајни за интероперабилноста во НАТО и за процесот на модернизација.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Билјана Блажеска, полковник
Никола Митровски, потполковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, потполковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар)
Алексанар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„Европа 92 ДООЕЛ Кочани“



„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во
месецот и на web-страницата
на Министерството за
одбрана
https://mod.gov.mk/штит



10
Мултинационална соработка во НАТО (4)
Системи за воздушна одбрана



12
Под знамето на ОН - Заштита на цивилното
население во мировните операции (1)

# содржина

ШТИТ | година XV | број 166 | август 2023

ИНФО
**Министерката за одбрана на Самитот на НАТО во Вилнус** ........ 6

ИНФО
**GLOBSEC 2023 година: Братислава форум** ........ 8

Глобал
**Превенција од вооружено насилство** ........ 15

**Транзициска правда: Чиле** ........ 19

**Зимска војна – војна помеѓу Советскиот Сојуз и Финска** ........ 22

ИНФО
**Семинар „Бенефиции за крводарителите“** ........ 25

Родова перспектива
**Семинар за родово одговорно лидерство** ........ 26

Вооружување
**Авион „Mitsubishi T-2“ “** ........ 34

**„Eitan“ – Израелски оклопен транспортер** ........ 36

**„Nakajima Ki-84 Hayate“** ........ 38

Аеродневник
**Предуслови за формирање аероклуб во Скопје** ........ 46

Воени музеи
**Музеј на морнаричката авијација на Обединетото Кралство** ........ 48

Уметниците и војната
**Салвадор Дали Генијот нема право да умре** ........ 54

Репортажа
**Восхитени од убавините и културно-историското богатство на Република Северна Македонија** ........ 56



32
Самооден повеќецевен лансер на
ракети M270 MLRS



45
Неконтролирана трка за развој на
вештачката интелигенција

КОН ОВОЈ БРОЈ


ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник


# *Од Самитот на НАТО во Вилнус*

*Во Вилнус, Литванија, во јули беше одржан уште еден успешен Самит на НАТО. Комуникето кое произлезе од овој самит на лидерите на државите членки на НАТО обедини 90 точки за кои се дискутираше на Самитот и од кои произлегоа значајни одлуки поврзани со активностите на Алијансата во наредниот период. Нашата земја на Самитот на НАТО во Вилнус учествуваше со делегација предводена од премиерот Димитар Ковачевски, министерката за одбрана Славјанка Петровска и министерот за надворешни работи Бујар Османи, за што известуваме во овој број на „Штит“.*

*Тука би се осврнала на суштинските дискусии на состаноците на лидерите на НАТО членките, но и на лидерите на ЕУ, на Украина и на земјите партнери од Индопацифичкиот регион – Австралија, Јапонија, Нов Зеланд и Јужна Кореја.*

*Во Вилнус беа третирани теми од глобална геостратегиска важност за Алијансата и беа донесени значајни одлуки и планови со кои се зајакнува колективната одбрана и се овозможува брз одговор на заканите преку копно, вода и воздух. Овие планови третираат најразлични области и прашања кои ќе овозможат да се постигне најсоодветна трансформација којашто долгорочно ќе го зајакне НАТО.*

*На Самитот во Вилнус беше донесена и нова заложба за инвестиции во одбраната од најмалку 2% БДП од кои 20% ќе бидат наменети за модернизација. Нашата земја веќе има1,85% од БДП наменети за одбрана, односно следната година според буџетската проекција веќе ќе достигне 2% БДП. Новите инвестиции ќе помогнат за јакнење на капацитети за одбрана, за справувањето со тероризмот, со растечките сајбер и хибридни закани, како и злоупотребата на нови технологии.*

*Во Вилнус одлучно беше потврдена недвосмислената и силна поддршка за Украина. Република Северна Македонија како држава има јасна позиција во однос на ова прашање и секогаш ќе го поддржува правото на самоодбрана и заштита на независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет на Украина.*

*Во Вилнус беше потврдена и поддршката за политиката на отворени врати и се дискутираше за Одлуката од 2008 година дека Украина треба да стане полноправна членка. На Самитот се формираше Советот НАТО-Украина и се одржа првиот состанок на Советот, на кој присуствуваа претседателите и премиерите на сите земји членки на НАТО, како и претседателот на Украина, при што беше усвоен надградениот пакет за долгорочна поддршка за Украина, за поддршка на реформите и трансформација на нивните воени сили во согласност со НАТО стандардите.*

*На Самитот во Вилнус беше објавена и заедничка декларација на Г7 со Украина.*

*На Самитот во Вилнус беше потврдена соработката меѓу НАТО и ЕУ, соработка која е есенцијална за одржувањето на безбедноста и стабилноста, како и за евроинтеграциските процеси во регионот. Земјите од регионот беа поттикнати да продолжат посветено и конструктивно да придонесуваат за развој на регионалната соработка и консолидација на стабилноста на регионот и остварување на полноправно членство во ЕУ, со што се потврди дека регионот на Западен Балкан е регион од стратешко значење за Евроатлантската област. Ова е еден исклучително значаен заклучок, којшто потврдува дека НАТО Алијансата споделува исти вредности со ЕУ и дека целосно ги поддржува аспирациите на земјите од Западен Балкан за членство во Европската Унија.*


„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит



Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.


ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, kristina.ilievska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk






# Министерката за одбрана на Самитот на НАТО во Вилнус

Министерката за одбрана Славјанка Петровска како дел од владината делегација предводена од премиерот Димитар Ковачевски учествуваше на првиот состанок на Северноатлантскиот совет во рамки на лидерскиот Самит на НАТО во Вилнус, Литванија. На првиот состанок стана збор за зајакнувањето на одвраќањето и одбраната на НАТО преку регионални планови и постојана подготвеност за брзи одговори преку копно, вода и воздух. Дополнително, се разговараше и за засилувањето на инвестициите во одбраната, со вложување на најмалку 2% од бруто-домашниот производ за одбрана, од кои најмалку 20 проценти за модернизација и опремување. Северна Македонија со вложување на 33% од одбранбениот буџет за модернизација и опремување годинава исполни еден од условите, додека од следната година ќе го исполни и вториот услов – вложување на 2% од БДП за одбраната. Овие инвестиции ќе ги зајакнат одбранбените капацитети, вклучувајќи ги и капацитетите за сајбер-одбрана и за справување со хибридни закани. Министерката за одбрана Славјанка Петровска во Вилнус, исто така, учествуваше на неформалниот состанок на министрите за одбрана на земјите членки на НАТО кој се одржа во рамки на лидерскиот Самит на Алијансата. На министерскиот состанок стана збор за зајакнувањето на одбраната и одвраќањето како концепт со кој се гарантира безбедноста и стабилноста на Евроатлантската област, за вложувањето на најмалку 2% од бруто-домашниот производ за одбрана, а стана збор и за поддршката на Украина во одбрана на нејзината сувереност и независност. Во тој контекст, министерката Петровска истакна дека Северна Македонија е активен и кредибилен сојузник кој дава реална поддршка во зацврстувањето на источното крило на НАТО, видливо преку учеството на припадниците на Армијата во рамки на мултинационалните сили на НАТО во Латвија, Бугарија и Романија. „Македонските војници, заедно со своите колеги од земјите на НАТО, заеднички и рамо до рамо ја зацврстуваат нашата колективна безбедност. Остануваме дел од мултинационалните сили на НАТО зашто за нас безбедноста на секоја педа сојузничка територија и секој граѓанин на НАТО е од највисок приоритет“, рече министерката. Во однос на инвестирањето во одбраната, Петровска истакна дека Северна Македонија веќе следната година ќе одвои 2 проценти од својот БДП за одбрана, со што, покрај одвојувањето на најмалку 20 проценти од одбранбениот буџет за модернизација, ќе го исполниме и овој значаен критериум. „Покажавме дека имаме реални и издржани планови и дека тие планови ги реализираме. Македонската одбрана се развива како никогаш досега и сето она што го вложуваме е инвестиција во нашата национална и колективна безбедност, која е основата за да продолжиме да живееме во мир, демократија и просперитет“, рече министерката  Петровска. Сојузниците се согласни да продолжи поддршката за Украина, беше речено на состанокот, а министерката Петровска ја истакна улогата на Северна Македонија во овој контекст.

Во рамките на лидерскиот Самит на Алијансата, во Вилнус, министерката Славјанка Петровска учествуваше на работна средба со жените лидери-министерки за одбрана и за надворешни работи.  НАТО го препознава потенцијалот на жената на лидерските позиции. Воспоставуваме мрежа на соработка меѓу жените на лидерски позиции во политиката и во цивилниот сектор која ќе ги придвижи работите од принципи кон акции и ќе придонесе за деескалирање на состојбите.



# Средба со командантот на КФОР

Командантот на НАТО мисијата на Косово, КФОР, генерал-мајор Анџело Микеле Ристуча, беше во официјална посета на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, при што оствари средба со министерката за одбрана Славјанка Петровска и со директорот на Генералштабот, бригаден генерал Симеон Трајковски и дел од началниците на секции. Со министерката за одбрана, генералот Ристуча разговараше за: регионалната безбедност, потребата за итна деескалација на состојбата на Косово, придонесот на Северна Македонија кон одржување на стабилноста на Балканот и други безбедносни прашања од интерес за регионот. Министерката Петровска истакна дека во време на нарушена безбедност на континентот, Западен Балкан мора да остане безбеден и стабилен. Патот кон оваа стабилност, порача Петровска, е преку дијалог, меѓусебно почитување и лидерство. „На регионот му се потребни мир, безбедност и демократија. За да зборуваме за економски напредок, мора да имаме мир и безбедност. Тоа е она што го ветуваме во политичките кампањи и тоа е она што мора да го оствариме. Секоја своеволна одлука е на штета на граѓаните и носи штета на иднината на државата, но и на регионот. Сега не е време за грижа за сопствените рејтинзи, туку треба да се грижиме за сегашноста и иднината на граѓаните во државите во кои живееме. Затоа јасно треба да повикаме на лидерство, на дијалог помеѓу двете страни и на храброст во овозможувањето на подобра иднина за целиот регион“, рече министерката на состанокот. Министерката истакна дека Северна Македонија, која пред само неколку години беше на раб на криза, денеска е активен учесник во зацврстувањето на сигурноста и стабилноста и на Евроатлантската област и на нашиот регион. „Одлуката да дадеме придонес кон безбедноста на Косово, со учество на македонски војници во НАТО мисијата во оваа земја,



беше инвестиција за стабилен регион. Северна Македонија отсекогаш била глас на разумот на Балканот, а денеска и на терен овозможуваме мисијата на КФОР да биде целосно исполнета. Генералот Ристуча во контекст на безбедносната состојба на Косово порача дека е потребно и двете страни да преземат целосна одговорност за случувањата и да превенираат понатамошна ескалација. Командантот на КФОР се заблагодари за македонскиот придонес во оваа мисија за кој рече дека е доказ за посветеноста на Северна Македонија кон регионалната безбедност.

# Во посета на „АТС Груп“

Министерката за одбрана Славјанка Петровска и заменик-претседателот во Владата задолжен за економски прашања, Фатмир Битиќи, беа во посета на домашните капацитети за производство на воена опрема и вооружување во фабриката за наменско производство на „АТС Груп“, поранешната фабрика „Сувенир-Самоков“. За време на посетата, министерката Петровска и вицепремиерот Битиќи ја споделија можноста домашните компании да учествуваат на НАТО тендерите за набавки, процес во кој Центарот за поддршка на компании во Министерството за одбрана е подготвен да даде поддршка. „Ова е една од големите придобивки за нашите компании и економијата целокупно од влезот на нашата земја во НАТО. Ова е голем пазар со огромен потенцијал“ – рече Битиќи. Петровска и Битиќи при посетата имаа можност и одблизу да се запознаат со производствениот процес во оваа компанија. „Живееме во период кога потпирањето само на светските токови на снабдување со критични материјали и услуги станува ризично. Производството на стоки и услуги кои се од одбранбен карактер дома, во нашата држава, е од исклучително значење и за безбедноста на Северна Македонија, но и за колективната безбедност во НАТО“, рече Петровска. Целта на оваа посета е да се разгледаат можностите за продлабочување на соработката помеѓу државата и военонаменската индустрија, односно стопанските субјекти кои се занимаваат со производство и промет со стоки поврзани со одбранбени дејности во Северна Македонија, како и поддршка на субјектите кои се потенцијални даватели на стоки и услуги од одбранбен карактер. „АТС Груп“ е голема компанија која има 550 вработени, од кои 350 вработени се во фабриката за производство на муниција. Во моментов компанијата спроведува постапка за вработување на дополнителни 80 лица. Во поглед на инвестициите на компанија, вкупни нови инвестиции се 202 милиони евра, а само за малокалибарска муниција и каписли, новата инвестиција е во вредност од околу 50 милиони евра.






# GLOBSEC 2023 година: Братислава форум

Форумот GLOBSEC Братислава е истакната меѓународна стратешка конференција во новоподелениот свет. Во текот на 18-те години од своето постоење, Форумот се етаблира како најистакната платформа низ регионот на ЦИЕ. Оваа година беше организиран со помош на чешката и австриската влада.

Од 29 до 31 мај се одржа 18-тото издание на годишниот GLOBSEC Братислава форум на кој присуствуваа рекорден број регионални и меѓународни политичари, како и реномирани лидери на јавното мислење. Форумот собра на едно место околу 1300 лидери од над 60 земји, вклучително и десет шефови на држави и влади од Централна и Источна Европа (ЦИЕ) и пошироко, како што се Емануел Макрон, претседател на Франција; Урсула фон дер Лајен, претседателка на Европската комисија; Роберта Мецола, претседателка на Европскиот парламент и многу други. На конференцијата учествуваше и голема делегација од Украина. Овогодишната програма на форумот GLOBSEC 2023 ги повика лидерите од регионот на ЦИЕ и пошироко да ги решат итните потреби во однос на геополитичката соработка и безбедносните прашања, истовремено поставувајќи ја основата за поодржлив и поотпорен свет. Воедно, се фокусираше на изнаоѓање на решенија и зајакнување на јавно-приватната соработка за меѓусебно поврзаните прашања во однос на енергијата, иновациите, инфраструктурата и здравјето.
Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен објави нов план за Западен Балкан. „Не е доволно да се каже дека вратата е отворена. Ние, исто така, мораме да преземеме одговорност да ги доближиме аспирантите членки на нашата Унија многу поблиску до нас“, нагласи таа својот говор. Таа истакна дека како дел од „новиот план за раст на Западен Балкан“ се предвидени четири типа мерки: 1. приближување на регионот до единствениот пазар на ЕУ; 2. продлабочување на регионалната економска интеграција; 3. забрзување на фундаменталните реформи; 4. зајакнување на претпристапните фондови.
Како реакција на новата иницијатива на Урсула фон дер Лајен за Западен Балкан, премиерите на Република Северна Македонија и Република Албанија дискутираа за она што би било потребно за побрзо отворање на вратите на ЕУ за овие земји. Премиерот на Република Северна Македонија, Димитар Ковачевски, повлече историски паралели помеѓу актуелната ситуација во Европа и поранешните одлуки на ЕУ: „Мислам дека после Украина, ЕУ сфати, дека стратешката грешка е направена пред многу години кога на Република Северна Македонија ѝ беше поставено вето. Кога ќе направите стратешка грешка, не можете да ја решите за пет минути, бидејќи има ефекти кои траат од 5 до 10 години“. Еди Рама, премиер на Р. Албанија, ја изрази својата критика за времето кое е потребно на ЕУ да одговори на глобалните предизвици: „Многу е жално што на ЕУ ѝ требаше војна за да се разбуди. [...] Иако геополитичката загриженост се покренува во еден вид рутина кога се зборува за трети актери, немаше ништо конкретно направено“. Премиерот на Република Косово,



Албин Курти, го искористи форумот како платформа да испрати повик за комуникација и дијалог за деконфликтирање на регионот со почитување на европските вредности.
Во својот говор, претседателот Емануел Макрон истакна: „Треба да изградиме нешто помеѓу безбедносните гаранции за Израел и полноправното членство во НАТО за Украина. Можеби немаме консензус за Вилнус, но ни требаат силни и опипливи безбедносни гаранции“, инсистираше Макрон во својот говор, осврнувајќи се на Самитот на НАТО во јули во Литванија, на кој ќе се дебатира за идната соработка со Киев. Францускиот претседател ја повтори целосната поддршка на ЕУ за Украина, нагласувајќи дека Москва не може да диктира никакви мировни аранжмани, а само мировниот план прифатен од Украина и почитувањето на законот на ОН можат да обезбедат трајни мировни одредби. Европа треба да биде поактивна во зголемувањето на своите одбранбени и технолошки способности и да престане да се потпира на други. Според францускиот претседател, другата линија на фронтот е во информативниот простор, каде Русија во моментов е ефикасна во своите обиди да го уништи единството на Европа и да влијае на нејзините граѓани. Затоа и Европа треба да стане поагресивна. „Оваа војна е апсолутно критична, особено во демократските земји. Затоа што демократиите имаат некои домашни слабости во споредба со авторитарните режими. Тие имаат јавно мислење...Како да се обликува јавното мислење е исто толку важно како и тоа колку и како луѓето ќе гласаат“, нагласи Макрон. Лудовит Одор, премиер на Република Словачка, ја истакна важноста на економскиот развој за привлекување млади таленти: „Владата мора да ја поддржи економијата во многу тешки времиња, и да ѝ покаже на младата генерација дека Словачка е место каде што има иднина за нив“. Андреј Пленковиќ, премиер на Република Хрватска, ја истакна важноста на заедничките европски напори за сеопфатен просперитет: „Треба да го задржиме политичкото единство со Западот во смисла на политичка поддршка, но и економска и воена поддршка“.
Заклучокот дека зелената транзиција ќе се случи, руската уцена на енергетските извори само ја забрза истата, а тоа е главниот исход од дискусијата помеѓу министрите за економија на Словачка и на Хрватска. Во овој контекст министерот за економија и одржлив развој на Република Хрватска, Давор Филиповиќ, изјави: „Кога станува збор за европската независност на снабдувањето со енергија, треба да изградиме инфраструктура. Со градење на инфраструктурата, градиме безбедност за земјата и за ЕУ. Високиот соработник на Универзитетот во Пенсилванија, Бенџамин Шмит, јасно стави до знаење дека: „Не можеме да се вратиме на енергетскиот бизнис со Путин. … Треба да се диверзифицираме, да изградиме енергија и да најдеме алтернативни извори на енергија“.
Една од главните пораки на Форумот е дека досега Украинците имат добиено многу помош, но истата е доволна само да преживеат, а не да победат. На панелот Државниот секретар на Министерството за надворешни и европски работи на Република Словачка, ја повика публиката да остане активна во поддршката на Украина, истакнувајќи дека санкциите се болни за Русија на краток и на долг рок но, исто така, се болни и за членките на ЕУ. Затоа мора да се најдат начини за компензација на поранливите земји членки.
На маргините на Форумот GLOBSEC 2023, беше договорена и тесна соработка помеѓу GLOBSEC и организацијата Humanity For Freedom (HFF), која ќе потроши повеќе од 100 милиони долари за застапување за континуирана поддршка за Украина во САД и низ Европа. Покрај тоа, Организацијата ќе се фокусира на репатријација на илјадниците киднапирани украински деца од Русија во невидената терористичка кампања од страна на Владимир Путин. Оваа организација започнува кампања насловена „72 часа слобода“, поврзана со премиерата на филмот „Супермоќ“, кој го прикажува животот на украинскиот претседател Володимир Зеленски во време на војна. Роберт Вас, претседател и основач на организацијата GLOBSEC во своите завршни зборови на Форумот истакна: „Ние стоиме рамо до рамо со сите оние кои се борат против авторитаризамот и се стремат кон слобода и правда. Воодушевен сум што соработувам со Humanity For Freedom и многу ми е драго што на овој начин можеме да придонесеме за поддршката на обновата на Украина. Тоа,во моментов ѝ е најпотребно“.




м-р Билјана Поповска (повеќе за Форумот види на https://forum2023.globsec.org/news/?utm_source=GLOBSEC+Mailinglist&utm_campaign=c080ea37cb-EMAIL_CAMPAIGN_2020_08_19_12_18_COPY_01&utm_medium=email&utm_term=0_820af8aa7c-c080ea37cb-94097217)




# Мултинационална соработка во НАТО (4)

## Системи за воздушна одбрана

Во рамките на воздушната и ракетната одбрана на НАТО, две мултинационални програми се во тек изминатите години како дел од напорите за поттикнување мултинационална соработка помеѓу сојузниците. Прашањето е како да се поврзат повеќе системи и сензори за одбрана од воздух, а со тоа да се опфатат повеќе сценарија за закани од беспилотните летала и авиони, како и закани од крстосувачки ракети и балистички проектили

Кога станува збор за капацитетите за воздушната одбрана, некои региони се издвојуваат како „од критично значење", како на пример Балтичкиот регион, како и северните (Норвешка) и источните земји членки (Полска). Големиот број научени лекции од војната во Украина ќе влијаат на идните одлуки во однос на воздушната и ракетната одбрана, со цел зајакнување на капацитетите во оваа насока. За разлика од воздушната одбрана базирана од воздушна средина (воздухоплови), системите за копнена способност за воздушна одбрана (GBAD) се управуваат од површината на земјата или од бродови лоцирани во морски средини. Копнената воздушна одбрана често се смета за поекономична форма на одбрана од воздушните закани отколку одржување на борбените ескадрили. Овие системи може да се распоредат и да се оставаат на места на подолги временски периоди, а стануваат активни само кога се приближува заканата. Релативно пониската цена на системите за копнената воздушна одбрана значи дека тие можат да бидат широко распоредени, со екстремно високи нивоа на покриеност.

**Модуларна копнена способност за воздушна одбрана (MODULAR GBAD)**

НАТО со години работи на зајакнување на воздушните и ракетните одбранбени капацитети со цел да го заштити своето население, територија и сили од сè пософистицираните воздушни закани. Во 2018 година, сојузничките национални директори за вооружување на нациите иницираа развој на структуриран пристап за олеснување на мултинационалните соработки на клучните способности по области.

Во таа насока, мултинационалната соработка во рамките на модуларниот GBAD вклучува 15 сојузници: Белгија, Данска, Франција, Германија, Унгарија, Италија, Латвија, Холандија, Норвешка, Полска, Португалија, Словенија, Шпанија, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави. Писмото за намери беше потпишано од страна на 10 учесници на маргините на состанокот на министрите за одбрана во октомври 2020 година. „Со зголемување на соработката помеѓу сојузниците, продолжуваме со постојано подобрување на нашите способности и одговарање на предизвиците. Со тоа Трансатлантскиот регион го правиме побезбеден и повеќе подготвен да се соочи со каква било закана", рече заменик-генералниот секретар на НАТО, Мирчеа Џоана на потпишувањето на иницијативата. По потпишувањето на

проектот за систематски модуларен пристап, нациите започнаа да работат на развој на детален сет на заеднички барања и соодветен Меморандум за разбирање. Меморандумот ќе обезбеди правна основа за понатамошен потенцијален развој и набавка на ваквата модуларна способност. Направен е ангажман со потенцијални партнери преку Советодавната група за индустрија на НАТО, со кој одредени компании ги споделија своите решенија. Поголемиот дел од индустрискиот ангажман ќе се случи по потпишувањето на меморандумот. Сојузничките сили во моментов користат широк сет на системи во однос на можностите и во зависноста од заканата, а со различна интероперабилност. Достапните технологии, дури и ако доаѓаат од различни делови на индустријата, треба да бидат целосно интероперабилни. Оваа ситуација го отежнува обезбедувањето на флексибилни и адаптивни сили на копнената способност за воздушна одбрана поради употребата на различни системи во Алијансата. Ваквата состојба е особено препознатлива за време на реализација на заедничките мисии и вежби. Постоечките решенија се додека се интероперабилни и модуларни би биле прифатливи со интерес да се погледне и следната генерација на способности како дел од овој проект. Дел од сојузниците може да бидат заинтересирани само за еден слој од штитот, додека други ќе се одлучат за целосниот пакет. НАТО има цел да ја започне концептната фаза во 2023 година, а проектот да покаже способност околу 2028 година. Модуларниот мултинационален GBAD проект има цел заеднички да развие и да стекне флексибилен систем за копнена способност за воздушна одбрана за да се спротивстави на воздушните закани на многу краток и среден опсег (до 50 километри). Моментално постоечките способности за воздушна одбрана со многу краток дострел често се во форма на таканаречени „MANPADS“ системи (Man-Portable Air-Defense Systems). Тоа значи дека се работи за рачни системи кои војниците ги носат со себе. Тие најчесто се користат за справување со непријателски воздухоплови при ниско летање. Системот ќе биде дизајниран околу заедничкиот столб за командување и контрола. Поради неговата модуларна природа, учесниците ќе можат да дизајнираат приспособени GBAD пакети за индивидуални операции. Идејата е вклучените нации да инвестираат во оној дел од модуларниот систем колку што сакаат и колку што им треба. Додека некои од сојузниците може да бидат заинтересирани само за еден слој од штитот, другите ќе се одлучат за целосниот пакет. Сојузниците кои се приклучуваат можат да го прошират своето учество со одење на друг слој, ако така одлучат во подоцнежната фаза. Посветеноста на сојузниците на оваа мисија оди кон тоа модуларното решение за копнената способност за воздушна одбрана да ги реши овие прашања со поедноставување и рационализирање на ресурсите. Како резултат на тоа, ќе придонесе за значително зголемување на оперативната флексибилност, приспособливост и интероперабилност меѓу сојузничките сили при градење на копнената способност за воздушна одбрана.



**Способност за командување и контрола за повеќеслојна воздушна одбрана**
**(GBAD C2 LAYER)**

Новите програми за воздушна и ракетна одбрана водат кон зајакнување на капацитетите за воздушна и ракетна одбрана. Таков е проектот и способноста за команда и контрола за одбрана на ниво на баталјон и бригада. Им обезбедува мултинационална рамка за управување со противвоздушната одбрана со интеграција на системите за воздушна одбрана на земја. По дополнителни анализи и преговори, сојузниците на НАТО - Данска, Италија, Франција, Унгарија, Португалија, Шпанија, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави започнаа мултинационална иницијатива (GBAD C2 Layer High Visibility Project) преку потпис на Писмо за намери на Министерскиот состанок во октомври 2021 година. Иницијативата овозможува повеќеслоен пристап за копнена способност за воздушна одбрана, поврзувајќи неколку самостојни системи со сензори кои покриваат повеќе сценарија за закана (беспилотни летала, крстаречки ракети, авиони и хеликоптери). Во овој контекст, „слојната“ одбрана значи пристап на различни системи за различни закани, позиционирани на различни локации, со што се овозможува синергетско користење на сите достапни способности. Се бара најсоодветното решение со специфични сценарија за закани, со можност да споделува слики во реално време помеѓу различни командни и контролни модули кога се во иста мрежа.

Драган Павловски





# Под знамето на ОН Заштита на цивилното население во мировните операции (1)

Заштитата на цивилното население (цивили) била и останува основна задача во мировните операции на ОН, иако спроведувањето на овој мандат се соочува со сè поголеми ризици по животите на мировниците. Тоа е одговорност вклучена во сите сегменти на мировната мисија, цивилните, воените и полициските функции

Заштитата на цивилите (ЗЦ) се извршува паралелно со промовирањето и заштитата на човековите права. Иако во науката не постои општа дефиниција за заштита на цивили, постои заедничка цел за сите припадници на „Сините шлемови" - да ги заштитат цивилите од опасностите по нивниот живот. Одделот за мировни операции при ОН, во категоријата цивили ги смета „сите, освен лицата кои спаѓаат во категориите: припадници на вооружените сили, членови на организирана вооружена група со континуирана борбена функција, и цивили кои директно учествуваат во непријателствата", додека, пак, мандатот за заштита на цивилите доделен на мировните сили го дефинира како: „интегрирани и координирани активности од страна на цивилната и униформираните компоненти на мисијата, за спречување, одвраќање или одговор на закани од физичко насилство врз цивили, во рамките на способностите и областите на распоредување, со употреба на сите неопходни средства, вклучувајќи и смртоносна сила, без да се загрози примарната одговорност на земјата домаќин".

Резолуциите на Советот за безбедност на ОН (СБ), кои се однесуваат на ЗЦ во вооружени конфликти ја потенцираат потребата од брзо решавање на основните причини за избивање вооружен конфликт, вклучително и третирање на родовата нееднаквост, со цел поголема ЗЦ на подолг рок.

Најефективен и најодржлив начин за ЗЦ е обезбедување стабилност, мир и безбедност на теренот, применувајќи политички процеси и одржливи решенија за конфликтот, како и силна поддршка од страна на земјата домаќин на мировната мисија за целосно исполнување на преземените обврски и одговорноста за ЗЦ на сопствена територија. Првата резолуција за заштита на цивилите, СБ ја има усвоено во 1999 година. Нејзината практична примена во мировна операција била во мисијата на ОН во Сиера Леоне (UNAMSIL), кога на „Сините шлемови"



им бил доделен „мандат за преземање на неопходните активности за ЗЦ под непосредна закана од физичко насилство.“

**Регулатива за заштита на цивилите**
Околностите на мировните мисии се менуваат и стануваат сè покомплексни. Приспособувањето на мировниците и реагирањето на овие променливи средини е од суштинско значење за мировните операции, со цел да ја задржат суштината на спроведувањето на мандатот и да ги реализираат поставените цели. За сево ова неопходни се јасни и остварливи мандати, добра поддршка, ефикасна распределба и ефективно искористување на ресурсите, и целосна политичка волја за спроведување на мандатите за ЗЦ. Овие неопходни предуслови за успешно исполнување на мандатите на мировните сили, јасно укажуваат на потребата од дефинирање оперативни насоки за спроведување на мандатите кои се однесуваа на ЗЦ. Специјалниот комитет за мировни операции при ОН и СБ иницирале развој на Оперативен концепт за заштита на цивилите во мировните операции на ОН во 2010 година и првата Политика на Одделот за мировни операции при ОН за заштита на цивилите во мировните операции на ОН во 2015 година. Овие два документи се базираат на оперативното искуство на мировните сили и го формирале јадрото на Доктрината и насоките за заштита на цивилите во мировните сили на ОН, која за целите на оваа политика има сеопфатен и интегриран пристап кон ЗЦ. Сеопфатниот пристап го зема предвид опсегот на безбедносни, политички и економски фактори кои влијаат и ги зголемуваат заканите по животот на цивилите, на краток и на долг рок. Воедно, за ваквиот пристап неопходна е координација на капацитетите и способностите кои ги поседуваат мировните сили, за целосно исполнување на стратешките цели. Интегрираниот пристап кон ЗЦ бара заеднички напори на сите компоненти на мисијата (цивилната, полициската и воената), и онаму каде што е релевантно и соодветно, координација со другите претставници на ОН. СБ на ОН во мај 2022 г. објави извештај во кој наведува дека цивилите претставуваат речиси 90% од жртвите во војните. Во текот на 2021 г. биле регистрирани над 11.000 цивилни жртви во различни конфликти ширум светот, 140 милиони луѓе страдале од глад предизвикан од конфликти, а 84 милиони цивили биле раселени. Во овој контекст, се наведува понатаму, повеќе од 95% од мировниците на ОН се распоредени во мировни мисии на терен, со мандат ЗЦ. Сепак, успехот во извршувањето на






ваквите мисии е условен од: способноста и подготвеноста на земјата домаќин да ги заштити цивилите, како и ефективната координација на земјата домаќин со други „актери“ на теренот кои дејствуваат со иста цел - тимовите на ОН, невладините, општествените и регионалните организации и друго. Во многу случаи, мировните мисии се овластени и за користење на сите неопходни средства, вклучувајќи ја и употребата на сила, со цел спречување или одговор на заканите од физичко насилство врз цивили, во рамките на можностите на операцијата. Едновремено, мировниците мора да бидат екипирани, оспособени и опремени за функционирање во средини во кои ситуациите се непредвидливи и брзо се менуваат, имајќи ги предвид искуствата од мисиите во Централноафриканската Република, Конго, Мали и Јужен Судан.

**Состојбите на терен**

Во практика, извршувањето на задачите поврзани со ЗЦ, на терен се спроведуваат со примена на одредени принципи. Во зависност од природата на заканата, „Сините шлемови“ спроведуваат низа активности, вклучително и ангажирање на страните во конфликтот и загрозените заедници, обезбедувајќи физичка заштита и воспоставување заштитена средина, со цел зголемување на безбедноста и ЗЦ од насилство. Притоа, неопходно е редовно споделување на информации, заедничка процена и планирање на активностите на цивилната и униформираните компоненти. Сите компоненти на мисијата се вклучени во дијалогот за постигнување: поддршка на страните во конфликтот за помирување, мировни договори, воспоставување стабилна врска со владата на земјата домаќин, целосно решавање на локалните конфликти и друго. Доколку е потребно, се преземаат и активности за одвраќање напади врз цивилите со патролирање, па ако е неопходно и со употреба на сила. Поголемиот дел од овие активности се состојат од мерки за зајакнување на капацитетите за заштита на цивилното население на владата на земјата-домаќин, за владеење на правото и за реформи во безбедносниот сектор. Персоналот на мисијата е директно ангажиран во градењето на тие капацитети за промовирање и почитување на човековите права, спречување и одговор на насилството врз децата и сексуалното и родовото насилство.

Мисиите со мандат за ЗЦ организираат заедничко планирање и координација на стратегиско, оперативно и тактичко ниво. Во ова можат да бидат вклучени и други „актери“ на теренот, кои назначуваат советници за ЗЦ и фокални точки за заштита, со цел поддршка на раководството на мисијата во координирањето на активностите и за поврзување и ангажирање со елементите за хуманитарна заштита. Се изработува и стратегија за ЗЦ, или како самостоен документ или како дел од концептот на мисијата, кој ги: воспоставува потребните принципи и стратегиските цели; ги проценува заканите, ризиците и капацитетот на мировниците и го дефинира пристапот на мисијата, активностите, улогите и одговорностите, како и механизмите за координација. Елементите од стратегијата на мисијата мора да бидат содржани во документите за планирање на мисијата, вклучувајќи го концептот на мисијата, планот, анализата на конфликти и буџетот.

Мировните операции на ОН, во последно време, често се критикуваат поради тоа што не обезбедуваат навремена и соодветна ЗЦ. Иако екстремно сложените услови во кои се исполнуваат овие мисии, отежнати со недоволните количини на обезбедени ресурси, честопати не се земат предвид во таквите критики, довеле до намалување на расположението во СБ за распоредување и финансирање големи , мултидимензионални мировни операции на ОН. На ова се додава и фактот дека многу области каде се распоредени „Сините шлемови“, стануваат сè поопасни и со сè повеќе асиметрични закани кон животите на мировниците и со зголемено присуство на разни вооружени формации. Прекршувањата и злоупотребите на човековите права од страна на овие „актери“ врз локалното население сè повеќе се пријавуваат, и нивното присуство често го попречува исполнувањето на мандатите за ЗЦ од страна на мировните сили на ОН. Ваквата состојба дополнително се усложнува со фактот дека неколку мировни мисии оперираат во области каде што владата на земјата домаќин нема политичка волја да ги унапреди политичките процеси.

Во ситуација кога е евидентно дека владите на земјите домаќини не покажуваат волја за унапредување на политичките процеси, подготвеноста за финансирање големи мисии на ОН не е реалност. Ова укажува дека идните мировни операции најверојатно би биле поограничени, со ограничени и пореални цели. Експертите претпоставуваат дека распоредувањето на мировните операции на ОН без целосно извршување на задачите во врска со ЗЦ негативно би влијаело на целосната физичка заштита на истите. Тие укажуваат на потребата од посветување поголемо внимание на начините на кои останатите чинители на теренот кои делуваат во насока на ЗЦ, (регионалните организации), би можеле да ја преземат одговорноста за ЗЦ по целосното повлекување на мировните сили од земјата домаќин.

М.С.



# Превенција од вооружено насилство

Се проценува дека во Европа околу 7000 луѓе годишно умираат од прострелни рани од огнено оружје, вклучувајќи самоубиства, криминални активности и несреќни случаи. Иако многу видови оружје може да предизвикаат смрт или телесни повреди, огненото оружје е од специфичен интерес кога се проучува насилството

Поради висока смртност, широко распространетата употреба на глобално ниво е од голема вредност за криминалните организации. Голем број на истражувања се фокусираат на хипотезата за достапноста на огнено оружје, која претпоставува дека зголемувањето на достапноста на огненото оружје доведува до зголемување на насилниот криминал. Сепак, причинско-последичните врски помеѓу распространетоста на огненото оружје и насилството не се докрај разјаснети, па затоа во академската средина има проблематични дискусии за поврзаноста помеѓу двата феномени. Дискутабилно е, на пример, дали наодите од студиите за САД се применливи и за други региони, како што е Европа, со оглед на разликите во постојните култури и законодавството за поседување и користење на огнено оружје. За разлика од САД, каде што правото на поседување огнено оружје е имплементирано во Уставот според Вториот амандман, европските земји со одредени исклучоци имаат строги регулативи кои главно им забрануваат на цивилите да носат оружје. Земјите членки на Европската Унија ја следат истата рамка на регулативи во однос на пристап до огнено оружје на цивилите, но и остава простор за пропорционални варијации помеѓу земјите членки. Покрај тоа, Европа не само што значително се разликува од САД во однос на постојните култури и законодавството за огнено оружје, туку и во однос на другите културни и социо-економски фактори, како и вкупната стапка на криминал. Европа, како континент кој е познат по малата стапка на вооружено насилство, се соочува со двоен предизвик кој бара итен одговор: пораст на бројот на млади радикализирани лица кои се подготвени да извршат напади со огнено оружје коешто е набавено на „црниот пазар“. Проблемот јасно е прикажан со смртоносните напади во европските главни градови Париз и Копенхаген. Нападите беа извршени од поранешни малолетни криминалци кои станаа насилни екстремисти кои со очигледна леснотија набавиле огнено оружје. Според данската безбедносна служба, ако одредено лица сака да купи автоматска пушка на „црниот пазар“, како онаа што ја користел убиецот во Копенхаген, потребни се само врски со подземјето и пари. Меѓутоа, според нив, ова не е проблем само на Данска туку тоа е проблем за цела Европа, проблем за кој мора да се признае дека нема јасно решение. Политиките на отворени граници што им овозможуваат






на луѓето и стоките слободно да се движат низ континентот, исто така, го отежнуваат сузбивањето на нелегалното оружје - факт што трговците со оружје максимално го искористуваат.
Достапноста на нелегално огнено оружје во срцето на Западна Европа не е нов проблем. Напливот на моќно автоматско оружје започна со распадот на Советскиот Сојуз и продолжи во текот на 1990-тите години додека беснееја војните на Балканот. Голем дел од оружјето од тој период сѐ уште се наоѓа на „црниот пазар“ ширум Европа. Тие во последно време беа надополнети со приливот од превирањата во Северна Африка, со шверцувано оружје на бродови преку Медитеранот. Забележано е дека криминалните банди во меѓусебните престрелки најчесто користат пиштоли, но почнувајќи со нападите во францускиот град Тулуз во 2012 година, во кои загинаа седум лица, пушките станаа оружје коешто се користи од страна на европските криминално-терористички структури. Голема промена настана во изминатите десетина години кога бомби беа користени во напади со масовни жртви врз транзитните системи во Лондон и во Мадрид. Новата тактика на неодамнешните напади низ Европа ја рефлектира природата на индивидуални-осамени извршители на криминални дела, кои се чини дека дејствувале со релативна автономија, а не како дел од одредени претходно планирани и насочени терористички заговори. Според експертите, експлозивите може полесно да се детектираат од огненото оружје, но сепак се потешки за транспорт и составување на експлозивна направа. За употреба на огнено оружје не треба голема експертиза, овозможувајќи им на needуцирани криминалци, како што е напаѓачот во Копенхаген, да извршат смртоносни напади. Употребата на огнено оружје на криминалните структури им овозможува попрецизно да ги изберат своите жртви. Во Париз и во Копенхаген целите беа прецизно избрани: карикатуристи, полицајци и Евреи.
За Европа ова прашање претставува предизвик, а тоа е поради отворените граници на континентот. Земјите членки на Европската Унија имаат свои правила и прописи, затоа контролирањето на протокот на оружје е речиси невозможен. Одредено огнено оружје што е нелегално во една земја, во друга може да биде легално. Во студијата објавена од Европската комисија, се проценува дека на целиот континент има околку 67 милиони парчиња недозволено огнено оружје. Во САД одамна има воспоставена база на податоци за изгубено и украдено оружје. Но, во Европа од неодамна оваа обврска ја презема Интерпол, во чија база засега има мал број на податоци. Обединетото Кралство во голема мера успеа да ја спречи употребата на недозволеното огнено оружје. Бидејќи Британија не учествува во програмата за отворени граници на континентот и затоа што е остров на кој строго се спроведуваат законите за оружје, ретки се случаите на нелегално поседување и употреба на огнено оружје. Затоа, анализите покажуваат дека криминалците и потенцијалните терористи во Британија повремено се свртуваат кон античкото оружје - пиштоли со кремен и стари револвери како најсмртоносните опции кои се на располагање. За споредба, напаѓачот во Копенхаген, кој прво нападна кафуле, а потоа синагога, имал многу поголем избор на оружје. Неговото основно оружје било автоматска пушка „М95“, што може да испука и до 900 куршуми во минута, а била украдена од домот на припадник на данската национална гарда во 2013 година. Напаѓачот автоматското оружје го набавил нелегално, заедно со два полуавтоматски пиштоли.
После секој вооружен напад или инцидент врз недолжно цивилно население, без разлика дали се работи за САД или Европа, легислативата поврзана со контрола на оружјето веднаш е во центарот на вниманието. За одредени екперти, успешното разоружување, на пример за САД, би требало да биде пообемно отколку што се очекува, а граѓаните, па дури и дел од безбедносните служби, ќе мора да го предадат своето оружје на подолг рок за да може да се преземат ефективни

мерки. Оваа стратегија се покажа како доста успешна и функционална во Британија, Ирска, Норвешка, Исланд и Нов Зеланд. Во овие држави, кога патролираат полицајците се невооружени. Полицијата е опремена со огнено оружје само во посебни околности, а во многу случаи тамошните полицајци спасуваат животи токму затоа што немаат оружје. Во овие држави постои традиција и верување дека вооружената полиција со пиштоли на појасот предизвикува повеќе вооружено насилство отколку што го спречува. Во Исланд, којашто е мала земја со само 300.000 жители, полицијата во најголем дел од времето не е вооружена, додека една третина од граѓаните поседуваат оружје. Во 2013 година во Исланд полицијата за прв пат во историјата на оваа земја употреби огнено оружје за елиминирање на закананата. Сепак, една третина од населението во државата е вооружено со пушки за лов, што ја прави 15-та највооружена земја по глава на жител во светот. Но, и покрај ова, криминалот е исклучително редок. Исто така, 12 од 16 островски држави на Тихиот Океан не дозволуваат полицајците да носат оружје. Нивното мото гласи „Невооруженото општество е учтиво општество“.

За жал, искуството во западните демократски држави укажува дека вооружените полицајци не значат поголема безбедност, бидејќи и покрај тоа што носат оружје, често се цел на криминалците. Практиката на невооружени полициски патроли е дел од полицискиот живот во Обединетото Кралство, со исклучок на Северна Ирска. Од 19 век, британските полицајци кои патролираат меѓу народот се сметаат себеси за чувари на граѓаните, до кои треба лесно да се пристапи, па затоа има многу помалку смртоносни инциденти помеѓу полицијата и осомничените криминалци. Како за пример, во 2013 година во САД се случиле 461 употреба на оружје од страна на полициските сили со смртни последици, додека во истата година во Обединетото Кралство нема ниту еден случај. Во спроведено истражување, 82 отсто од членовите на британската полиција изјавиле дека не сакаат да бидат вооружени кога ја извршуваат должноста. Најмалку една третина од британските полицајци се плашат за своите животи додека се на должност, но и понатаму се противат на носење огнено оружје. Слична е и состојбата во Нов Зеланд. Според истражувањата, во Нов Зеланд, поопасно да се биде фармер отколку невооружен полицаец, затоа што се смета дека вооружената полиција неизбежно ќе предизвика трка во вооружување со криминалците и притоа и зголемен број жртви. Норвешка, пак, и понатаму се држи до традицијата и покрај шокот што го доживеа во 2011 година. Во 2011 година, Норвешка претрпе трагедија која ги извади на површина недостатоците од невооружените безбедносни органи за спроведување на законот. Тогаш, екстремно десничарскиот напаѓач Андерс Беринг Брејвик со автоматско оружје изврши напад врз норвешки летен камп и уби 77 луѓе. Во тоа време, за да се здобие со дозвола за поседување на оружје, во Норвешка лицето мора да бид постаро од 18 години и да даде оправдана причина за потребата. Убиецот оружјето го набавил легално преку стекнување дозвола за лов и членство во клуб за стрелаштво. Во оваа скандинавска земја убиствата се исклучително ретки, меѓутоа во овој случај вината падна врз задоцнетата и погрешна полициска реакција.

Некои поборници за олеснета набавка на оружјето во САД ја искористија трагедијата како доказ дека построгите закони за оружје се неефикасни во спречувањето на масовните убиства. Сепак, стапката на убиства од огнено оружје во САД моментално е речиси 12 пати повисока отколку во Норвешка. Сепак, за разлика од Нов Зеланд, во Норвешка притисокот за зајкната контрола на оружјето по масовното убиство беше мошне бавен. Иако независна комисија во 2011 година препорача заострување на правилата за поседување оружје, дури во 2018 година норвешкиот парламент усвои забрана за поседување на полуавтоматски пушки, по што беа потребни уште две години за истата да се спроведе. Во меѓувреме,







во џамија во близина на Осло, вооружен маж упадна во џамијата и отворил оган од огнено оружје, при што ранил едно лице.
Според последните анализи, во Западна Европа, Шведска е држава со највисока стапка на насилство, а поврзана со нелегално поседување на огнено оружје, што е резултат на постојано зголемувањето на бројот на банди и криминални мрежи одговорни за високиот прилив на нелегално огнено оружје. И покрај еден од најстрогите закони за оружје во светот, земјата сѐ уште се соочува со значително крвопролевање поврзано со огнено оружје, при што многу експерти повикуваат на дополнителни политики за борба против нелегалниот проток на огнено оружје и криминалот помеѓу бандите. Според извештајот на Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал од 2021 година, оружјето од времето на распадот на Југославија го поттикнуваат растечкото насилство на бандите во земјата, кое делумно се должи на наследството на распуштената, таканаречена „југословенска мафија" која доминирала во криминалното подземје на Стокхолм во текот на 1990-тите години. Сепак, според извештајот иако балканското оружје во голема мера придонесува за постојано ескалирање на шверцот со огнено оружје во оваа скандинавска земја, има и други фактори кои исто така играат значајна улога.
На пример, помеѓу експертите постојат стравувања дека криминалните мрежи во земјата може да имаат пристап до оружјето кое наводно е илегално донесено од Украина. Според експертите од шведската царинска служба постои стравување дека криминалците може да имаат пристап до помоќно оружје коешто ѝ е доставено на Украина како помош од Запад, со можност истото да се врати во земјата. Односно, се смета дека сѐ додека трае војната во Украина, нема да има многу истекување на оружје. Но, еден ден кога војната ќе заврши, некој ќе сака да заработи од тоа оружје. Шведска можеби не е единствената скандинавска земја каде што криминалците веројатно може да имаат пристап до оружје што е наменето за Украина. Минатата година, финското Национално биро за истраги соопшти дека оружјето испратено во Украина по криминални канали е на пат назад до Финска. Дополнително, оваа нордиска земја се бори во справување со шверцот со оружје и затоа што многу земји членки на ЕУ ги легализираа пиштолите-играчки, кои исклучително лесно се претвораат во смртоносно оружје. Нелегалното оружје лесно се транспортира бидејќи повеќето европски земји немаат никакви гранични контроли, а криминалците успеваат да го сокријат огненото оружје и во возилата коишто се запираат и пребаруваат од страна на полицијата.
Иако престрелките со огнено оружје не се карактеристични само за САД, сепак САД имаат највисока стапка на смртни случаи од огнено оружје - повеќе од осум пати повисока од Канада и речиси 100 пати повисока од Обединетото Кралство. Последиците од секој напад во САД предизвикуваат ист ефект и повикуваат на поголема контрола на оружјето што наидува на противење од републиканските пратеници и законодавна неактивност. Но, во голем број други земји, особено Нов Зеланд и Норвешка, едно масовно убиство беше доволно за да се направат серизни законски промени за контрола на оружјето.
Само една недела откако беа застрелани 51 верник во две џамии во Крајстчерч, Нов Зеланд, во март 2019 година, премиерката Џасинда Арден најави сеопфатни реформи за контрола на оружјето. Полуавтоматското оружје употребено во терористичкиот напад во Нов Зеланд беше забрането. Сопствениците на ваков тип на оружје, според новиот закон имаа шест месеци да го продадат своето оружје на владата. Како резултат на тоа, над 60.000 парчиња огнено оружје беа исфрлени од употреба. Во 2020 година, дополнително беа заострени законските мерки за набавка на оружје, воведувајќи нов регистар за огнено оружје, преку кој се следи купувањето и продавањето на оружје, издавањето на дозволи со краток рок на важење за лицата коишто прв пат поседуваат оружје и забрана за поседување на повеќе типови на оружје. Меѓутоа, само времето ќе ни го покаже вистинското влијание на изменетите закони преку регистрираните прекршоци поврзани со огнено оружје. Повеќето експерти се согласуваат дека би било контрапродуктивно повлекување на оружјето од безбедносните органи, без претходно да се спроведат политики што ќе ја зајакнат економската и расната еднаквост во општествата и легитимните можности за просперитет на сиромашните лица.
Насилството е причина и последица за социјалната нееднаквост. Ниските приходи, сиромаштијата, слабиот образовен систем, недоволно можности за младите лица и перцепција за безнадежност, лесен пристап до огнено оружје за лица со висок ризик и ниската доверба на граѓаните во институциите, се идентификувани како фактори кои влијаат на негово засилување. Овие фактори имаат особено истакната улога во сиромашните заедници, каде што има недостатокот на доверба во институциите за кои се смета дека имаат обврска да ги штитат граѓаните, а општеството несоодветно ги задоволува безбедносните потреби. Релевантното и ефективно законодавство останува еден од најдиректните методи за заострување на контролата на огненото оружје. Отсуството на креирање политики засновани на анализи и научени лекции, води до донесување на законски решенија кои имаат незначителни ефекти врз контролата на огненото оружје. Со храбро лидерство, соодветна политичка приоритизација и сеопфатни напори за контрола на огненото оружје, а преку поттикнување на соработка и промовирање одржливи општествени промени за мирни и инклузивни општества, може да се изнајдат начини за значително намалување на сите форми на насилство, вклучително и смртоносни напади со употребата на огнено оружје.

д-р Ненад Танески




# Транзициска правда: Чиле

Прекршувањата на човековите права во Чиле под режимот на генералот Аугусто Пиноче беа добро документирани од страна на Националната комисија за вистината и помирувањето, непартиска група назначена од Ајлвин, за да ги истражи убиствата и исчезнувањата извршени под 17-годишната диктатура на генералот. Извештајот на комисијата ги наведува жртвите поименично, опишувајќи ги ужасните околности кон нивната смрт. Според извештајот, му се припишуваат најмалку 3.200 убиства и исчезнувања

Вешто напредувајќи низ воените чинови како син на царински инспектор, главниот град Сантјаго ги здогледува амбициите на Аугусто Пиноче, кон крајот на 1972 година. Генералниот штрајк го парализира Сантјаго, а Пиноче, тогашен командант на гарнизон, е повикан од страна на претседателот Аљенде да наметне вонредна состојба во главниот град. Неговиот навидум неутрален став го убедува Аљенде дека Пиноче е офицер на кој може да се потпре, продолжувајќи ја вековната традиција на чилеанската војска за лојалност кон цивилната влада. Во август 1973 година тој го назначува Пиноче за началник на Генералштабот на армијата. Помалку од три недели подоцна, вооружените сили ја соборија владата. Претседателската палата позната како Ла Монеда, беше бомбардирана од страна на воздушните сили. Според изјавите на неговиот личен доктор, Аљенде се застрелал себеси, за да не се предаде. Аугусто Пиноче Угарте ја презема власта на 11 септември 1973 година.
Пиноче раководеше со четиричлената хунта одговорна за државниот удар. Аљенде, демократски избраниот социјалист, беше пронајден мртов за време на нападот врз претседателската палата во Сантијаго. Продолжија неколкуте месеци политички немири и економски хаос. Хиперинфлацијата, рецесијата, работничките судири и протестите на средната класа ја крахираа поддршката кон владата. Пиноче наскоро јасно стави до знаење дека нема корист од политичките партии, забранувајќи ги, го распушти Конгресот и го укина Уставот. Тој го обвини демократскиот политички систем за тоа што ѝ дозволил на коалицијата на социјалистите и комунистите да ја преземат контролата врз владата.
Во 1974 година Пиноче се прогласува за претседател, редуцирајќи го остатокот од хунтата на консултативна улога: ги назначува воените офицери како градоначалници низ Чиле. Пензионираниот воен персонал бил именуван како ректори и професори на универзитетите, за да следствено извршат огромни чистки од членовите на факултетите осомничени за



Дирекцијата на националната разузнавачка служба (ДИНА) прогонувала, мачела и ги убивала противниците на Пиноче во Чиле, а понекогаш и надвор од нејзините граници. Извештајот на чилеанската Влада во 2004 година заклучи дека речиси 28.000 луѓе биле мачени за време на режимот под Пиноче

левичарски или либерални тенденции. Печатот бил цензуриран, штрајкови и синдикално организирање било забрането. Дирекцијата на националната разузнавачка служба (ДИНА) прогонувала, мачела и ги убивала противниците на Пиноче во Чиле, а понекогаш и надвор од нејзините граници. Извештајот на чилеанската Влада во 2004 година заклучи дека речиси 28.000 луѓе биле мачени за време на режимот под Пиноче.

1988 година мнозинството Чилеанци гласаа против обидот на Пиноче да остане на функцијата претседател уште осум години. На претседателските избори една година подоцна, неговиот кандидат беше тешко поразен од страна на Патрицио Ајлвин, центристички христијански демократ поддржан од левицата. Во 1993 година, друг христијански демократ, Едуардо Фреи Руиз-Тагле, беше избран за претседател со уште поголема разлика. Со транзицијата кон демократијата подобро од очекуваното, дури и приврзаниците на Пиноче се надеваа дека ќе се повлече во своите повозрасни денови. Наместо тоа, изведе ненајавени воени маневри и ги стави своите војници во висока приправност, со известување дека нема да толерира обиди за гонење на прекршителите на човековите права од неговата ера. „Денот кога ќе допрете и еден од моите луѓе, владеењето на правото завршува", предупреди тој во 1991 година Заштитен од своите телохранители, генералот продолжи со својот активен општествен живот. Тој беше поздравуван од богати обожаватели на неговиот роденден и на одбележувањето на годишнината од државниот удар. Честопати беше поканет да зборува на официјални вечери во организација на неговите екс политички поддржувачи и проминентни бизнисмени. Кога конечно се повлече како прв човек на армијата, се приклучи на Сенатот како неизбран, постојан член, обезбедувајќи си дополнителен имунитет од гонење. Прекршувањата на човековите права под режимот беа добро документирани од страна на Националната комисија за вистината и помирувањето, непартиска група назначена од Ајлвин, за да ги истражи убиствата и исчезнувањата извршени под 17-годишната диктатура на генералот.

Извештајот на комисијата ги наведува жртвите наименично, опишувајќи ги ужасните околности кон нивната смрт. Според извештајот, му се припишуваат најмалку 3.200 убиства и исчезнувања. Пиноче редовно им се потсмевал на критичарите за човекови права, па така запрашан за откривањето на масовна гробница на жртвите на неговата влада, беше цитиран во чилеанскиот печат, шегувајќи се дека тоа е „ефективен" начин на погребување. Кратко по диктатурата на Пиноче во 1989 година претседателот Ајлвин ја основаше Националната комисија на Чиле за вистината и помирување позната како „Ретиг комисија" за да ги испита злоупотребите на човековите права кои се случиле за време на режимот на Пиноче. Комисијата била задолжена да ги документира кршењата на човековите права кои резултирале со смрт или исчезнување во текот на годините на военото владеење од 11 септември 1973 година до 11 март 1990 година Значајно е да се напомене дека тортурата и другите злоупотреби кои не резултирале со смрт биле надвор од опсегот на мандатот на комисијата.

Комисијата ја сочинувале осум комесари, шест мажи и две жени, избрани и именувани од претседателот Ајлвин во согласност со Уредбата на Комисијата. Поранешниот сенатор Раул Ретиг претседавал со комисијата. Конечниот извештај на комисијата документирал 3.428 случаи на исчезнување, убиство, тортура и





Во текот на 2005 година долгиот процес на уставни реформи резултираше со амандмани кои овозможија претседателот да ги разреши високите авторитети на вооружените сили. На советот за национална безбедност, орган со кој доминираше војската, му беа одземени силни советодавни овластувања кои ги имал дотогаш

киднапирање, вклучувајќи и кратки извештаи за речиси сите жртви чиишто стории биле слушнати. Најголемиот дел од принудните исчезнувања од страна на владата се случиле помеѓу 1974 година и август 1977 година како резултат на планирана и координирана стратегија на владата. Дирекцијата на националната разузнавачка служба (ДИНА) се поврзува со значителна политичка репресија во овој период. Комисијата препорачала формирање на Национална корпорација за репарации и помирување за да обезбеди континуирана помош за жртвите кои сведочеле, посочувајќи дека репарациите треба да вклучуваат симболични мерки, како и значителна правна, финансиска, медицинска и административна помош. Комисијата препорачала и усвојување на соодветна легислатива за човекови права, создавање канцеларија на народниот правобранител и зајакнувањето на цивилната власт во општествениот и судскиот систем на Чиле. Нападите на вооружените левичарски групи против политичарите од тогашната десница, вклучувајќи го и убиството на десничарскиот лидер Хаиме Гузман, набргу по објавувањето на извештајот ги стопирале планираните напори во намерата за помирување врз основа на објавениот извештај. Извештајот во потполност го одобрил тогашниот претседател Ајлвин. При самото презентирање пред нацијата, им се извини на жртвите и нивните семејства во име на државата Чиле. Пиноче и високите авторитети во армијата ги отфрлија наодите од извештајот. На почетокот, реформските напори на Чиле биле попречувани од страна на институциите лојални на поранешниот претседател, особено армијата, законодавството и правосудството. Кон крајот, процесот кој го започна Комисијата придонесе кон постоечкиот порив да се започне со спроведување на државните реформи. 1998 година беше укинат дотогашниот државен празник кој го чествуваше одбележувањето од државниот удар од 1973 година. Во текот на 2005 година долгиот процес на уставни реформи резултираше со амандмани кои овозможија претседателот да ги разреши високите авторитети на вооружените сили. На советот за национална безбедност, орган со кој доминираше војската, му беа одземени силни советодавни овластувања кои ги имал дотогаш.
На 12 август 2003 година чилеанскиот претседател Рикардо Лагос ја именуваше втората комисија, Национална комисија за политичко затворање и мачење позната како „Комисијата на Валечо“, со цел да се документирале дополнителните злоупотреби, вклучувајќи мачење сторено под поранешниот режим, која својот извештај го издаде во ноември 2004 година. Режимот претходно го усвоил Законот за амнестија со број 2191 од 1978 година Претседателот Ајлвин поради немање мнозинство, не можел да го укине законот, па од 2009 година Уредбата останала на сила додека нејзиното извршување е препуштено како дискреционо право на судовите. Аугусто Пиноче е уапсен 1998 година во Велика Британија поради кршење на меѓународното право. Неговото апсење и кривично гонење ја отворија долгоочекуваната врата за оспорување на другите амнестирани. Амнестијата беше укината во неколку случаи додека паралелно Пиноче сè повеќе го губеше легимитетот во круговите на чилеанскиот конзерватизам кој сè уште го поддржуваше во 2000 година кога чилеанскиот Врховен суд му го одзема парламентарниот имунитет и беше обвинет заедно со другите воени старешини поради нивната улога во режимските злосторства. Следеа повеќе подигнати обвиненија. 2004 година Пиноче е ставен во домашен притвор поради затајување данок, перење пари и учество во трговија со оружје. Тој умира две години подоцна, во декември. Ајлвиновата Влада ја има основано „Националната корпорација за репарација и помирување''(донесена со Закон бр. 19.123, од 31 јануари 1992 година), како што и препорача Ретиговата Комисија. Тековната финансиска поддршка е обезбедена за семејствата на жртвите кои се наведени во извештајот, во вкупна висина од 16 милиони американски долари годишно. Корпорацијата, исто така, ги продолжила истрагите кои Комисијата не можела да ги заврши.
Програмата за репарации била ограничена од причини што Ретиговата Комисија не можела да се обрати на жртвите од злосторничкото минато на Чиле надвор од својот мандат, вклучувајќи ги и жртвите на тортура кои не резултирале во смрт или исчезнување. Речиси две децении по објавувањето на извештајот на Ретиговата Комисија, чилеанскиот Конгрес, а во ноември 2009 година го усвоил Законот бр. 20.405 со кој бил воспоставен Институтот за човекови права и повторно била отворена квалификацијата на жртвите кои имаат право на репарација во согласност со Комисијата за политичко затворање и мачење. Сите поединци кои сведочеле го примиле пропратниот акт кон копијата од Извештајот, потпишан од претседателот кој им бил лично доставен. 1999 година администрацијата на Клинтон декласифицирала илјадници разузнавачки документи, кои фрлиле потемелно светло кон досегашната работа на Комисијата, обелоденувајќи го и потврдувајќи го уште еднаш систематското кршење на човековите права под режимот на Пиноче.

м-р Тамара Лазаревска-Силјаноска



# Зимска војна – војна помеѓу Советскиот Сојуз и Финска

Во текот на втората половина на 1939 г., дипломатските односи меѓу Советскиот Сојуз и Финска почнале да се заоструваат поради територијалните отстапки што Советскиот Сојуз ги барал од Финска. Со оглед на фактот дека Ленинград (денешен Санкт Петерсбург) бил отворена цел и можел да биде нападнат од Финскиот Залив, односно директно од финска територија, Советскиот Сојуз побарал од финската влада да му отстапи одредени делови од својата територија, на кои би сместил свои воздухопловни и поморски бази. Неуспешните дипломатски преговори довеле до војна во која Финска се соочила со една од најголемите армии од тоа време

На 12 октомври 1939 г., на барање на Советскиот Сојуз во Москва пристигнала финска делегација. Сталин отворено ги презентирал своите барања, да се помести советско-финската граница за 25 километри на запад, а таа територија да биде отстапена на Советскиот Сојуз. Покрај поместувањето на границата, Сталин ги барал островите Суурсаари, Лавансаари, Титарсаари и Коивисто и полуостровот Ханко. Финската влада сметала дека тоа биле првични советски барања кои ќе се зголемат доколку Финска ја отстапи таа територија. Дипломатската војна продолжила и во текот на ноември 1939 г., но без резултати. Финската влада била подготвена да предаде мал дел од територијата, но не и полуостровот Ханко, кој се наоѓал на влезот во Финскиот Залив. Овие отстапки не биле доволни за Советскиот Сојуз. Како резултат на неуспешните дипломатски активности, три месеци по почетокот на Втората светска војна, поточно на 30 ноември 1939 г., со бомбардирањето на Хелсинки, започнала советската офанзива, односно Советско-финската војна, позната уште како Зимска војна. Како резултат на тоа, на 14 декември 1939 г., Советскиот Сојуз бил исклучен од Лигата на народите. Истовремено со бомбардирањата, копнената армија која броела 450.000 војници извршила напад од источниот и јужниот дел на финската граница. На јужната граница, преку финската провинција Карелија, нападот го предводеле VII и XIII армија со 12 дивизии и 7 оклопни бригади, под команда на генерал Мeретков. Финската војска на јужниот фронт, под команда на Хуго

Иако била значително послаба, Финска успеала да даде одлучен отпор. Војната завршила со мировниот договор потпишан во Москва, според кој Финска им отстапила 10% од територијата на Финска и 20% од нејзиниот индустриски капацитет на Советскиот Сојуз. Ова барање не одело во прилог на финската надворешна политика, која уште во април 1938 година се приклучила на скандинавскиот неутрален блок. Финскиот одговор на советските барања два пати бил: „не“.



Естерман, броела 21.600 војници, додека советската војска на тој фронт имала околу 120.000 војници и 1.400 тенкови. Нападот на источното бојно поле го предводеле VIII и IX армија со 14 пешадиски дивизии и една оклопна дивизија. Иако советската армија била бројно супериорна, чистките на Сталин од 1930 г. значително ја ослабнале советската команда, која влегла во војната без претходно воено искуство и целосно неподготвена за зимски услови. Финската армија бројчано и материјално била инфериорна во однос на советската армија. На почетокот на Зимската војна, финската армија имала 250.000 војници, од кои 130.000 војници биле стационирани во областа Карелија и 120.000 стационирани долж источната граница. Поради недостатокот на оружје значително биле намалении тактичките можности на финската војска. Тешко вооружување, како што се тенкови, митралези и противтенковски ракети имало многу малку и поради тоа финската војска била принудена да импровизира. Финската артилерија била главно од времето на Првата светска војна и броела само стотина авиони. Главната одбранбена линија на Финска се наоѓала во Карелија, т.н „Линија Манерхајм“. Првите утврдувања биле мали, но во голем број. Најчесто тоа биле бункери кои се наоѓале на главните патни и железнички линии. Тие биле високи и видливи од далеку, а во предвоениот период не биле чувани, ниту камуфлирани, што им овозможило на советските агенти прецизно да ги лоцираат и да ги обележат нивните позиции на картата. На територијата на Карелија, модернизацијата на утврдувањата продолжила во 1930-тите, но не била завршена до почетокот на војната. Најзначајното утврдување кое е создадено по модернизацијата е бункерот „Sj5“ или т.н. бункер „милионер“ (фин. „Miljoonalinnake“). Бил широк 60 м и имал четири митралези кои ги штителе предните и бочните страни на бункерот, како и три оклопни кули за набљудување, а можел да прими од 20 до 40 војници. На почетокот на борбените дејства советските тенковски единици создале паника во финските редови. Имено, поголемиот дел од припадниците на финската армија никогаш немале видено тенк. Четири дена по конфронтацијата со тенковите, на 4 декември 1939 г., финската армија почнала да дава посилен отпор. Тие увиделе дека лесно може да се борат против советските тенкови. Со поставување на трупци меѓу шините на тенковите, ги онеспособувале тенковите. Покрај трупците, Финците користеле импровизирани гранати и „молотови коктели“. Смртноста на војниците во специјалните скијачки единици кои оделе „на лов“ по тенкови била висока и во некои единици таа изнесувала до 70%.

**Текот на војната**

Посериозни борби на линијата Манерхајм се воделе еден месец по почетокот на војната, помеѓу 3 и 6 декември 1939 г., кога финските сили лоцирани помеѓу линијата Манерхајм и државната граница се повлекле до главната одбранбена линија, линијата Манерхајм. На 6 декември, советската армија пристигнала пред линијата Манерхајм и ги започнала првите напади што резултирало со катастрофални загуби. Првичните напади ја покажале тактичката неподготвеност на советското раководство, кое користело тактики од Првата светска војна. Нападите започнале со неорганизирано бомбардирање на одбранбената позиција, проследено со некоординирани пешадиски и тенковски напади. Финците, иако во помал број, успеале да ги задржат своите позиции долго време токму поради неорганизираноста и неподготвеноста на Советите. Финските одбранбени






тактики на линијата Манерхајм во 1939 и 1940 г. најмногу се потпирале на индивидуалните жртви на војниците и нивните индивидуални способности. Главната наредба била пешадијата да ги држи упориштата и бункерите до последниот човек. Честопати упориштата паѓале бидејќи немале доволно противтенковско оружје за одбрана на целата линија. Доколку паднело некое упориште, во согласност со наредбата веднаш се преземале контранапади предводени од резервата од задниот дел. Финските историчари тврдат дека најсилната одбранбена сила на линијата на Манерхајм бил финскиот менталитет, односно финскиот идиом „сису“. Идиомот „сису“ може слободно да се преведе како „храброст во одбрана на татковината“. На 17 декември започнала нова советска офанзива и траела до 19 декември 1939 г.. Нападот бил предводен од пешадија поддржана од 80 тенкови. Советската армија успеала да ја пробие одбранбената линија, но со големи загуби. Истиот ден, финската армија извршила контранапад во кој оштетиле или уништиле голем број советски тенкови. Тешките загуби ги принудиле Советите да се стационираат на освоената позиција. Точните бројки не се познати, но се проценува дека биле уништени околу 25 тенкови и дека советската пешадија претрпела големи загуби. Финската армија загубила околу 50 војници во одбраната и во контранападот на тој сектор. Генералот Мерецков се откажал од понатамошното напредување на 21 декември 1939 г., бидејќи сметал дека одбранбената линија во тој момент е премногу силна. До крајот на јануари 1940 г., советската армија систематски ги бомбардирала одбранбените линии на финската армија, додека Москва се подготвувала за нова офанзива во февруари 1940 г. Сепак, и покрај големите загуби, Советите брзо се приспособиле на борбите на непристапниот фински терен. На 8 јануари 1940 г., генералот Семјон Тимошенко го презел раководството. Советските воени операции по пристигнувањето на Тимошенко биле значително подобро организирани и поефикасни, што довело до побрзо пробивање на одбранбената линија. Веднаш по пристигнувањето, генералот Тимошенко подготвил нов план за напад. Тој верувал дека главните причини за неуспехот се самоиницијативните одлуки на раководството и индивидуалните некоординирани напади. Бидејќи знаел дека финската војска е без сила, планирал да нападне по целиот фронт. Во согласност со самиот план за напад, првиот бран требало да го предводи генералот Мерецков, со помош на оклопни возила и тенкови. По првичните пробиви во одредени делови од одбраната, резервните сили требало постепено да пристигнуваат и да го поддржат генералот Мерецков. Нападот требало да продолжи континуирано сѐ додека финската армија не се повлече од првите линии. Иако бил планиран напад по целата линија, генералот Тимошенко најмногу бил концентриран на градот Виипури, бидејќи знаел дека таму одбранбената линија е најслаба. Дополнително, тенковските екипи добиле појасни инструкции што да прават на бојното поле. Им било забрането самоиницијативно да ја напуштат пешадијата, односно да излегуваат надвор од опсегот на сопствената артилерија. Теренот повторно бил мапиран и биле одредени точните цели за бомбардирање долж линијата Манерхајм, но и целите зад линијата кои морале да бидат бомбардирани по освојувањето на првата линија на одбраната.




**Московски мировен договор**

Финска, која останала без никаква надворешна помош, немала избор и се согласила со советските барања. Мировниот договор бил потпишан на 12 февруари 1940 г. во Москва, така што по точно 105 дена бил ставен крај на Зимската војна. Во согласност со Мировниот договор Финска морала да ги предаде Карелија, регионот Сала, полуостровот Рибачи и Петсамо (вкупно 25.744 квадратни километри) на Советскиот Сојуз. Финската делегација исто така се согласила да го отстапи полуостровот Ханко на Советскиот Сојуз во следните 50 години. Околу 420.000 Финци, приближно 10% од населението, останале без своите домови и морале да ја напуштат изгубената територија. Во Советско-финската војна од 1939 - 1940 г., финските загуби изнесувале речиси 33 илјади мртви и 43.550 ранети, додека Советскиот Сојуз имал 48.744 мртви и 158.860 ранети војници.

Иако Финска била поразена на бојното поле, вистинскиот губитник во оваа војна всушност бил Советскиот Сојуз. И покрај фактот што ги добил споменатите територии, Советскиот Сојуз претпел значителни човечки загуби, што ќе се одрази во недостаток на работна сила, а нарушен бил и угледот на војската. Една од клучните грешки на советската армија било тоа што по успешната воена кампања во Полска, мислеле дека победата ќе биде брза и на северниот фронт. Мислењето на генералот Шапошников, кој се залагал за побавен напредок било игнорирано. Тој предупредил дека климатските услови и теренот значително се разликуваат од полскиот. Поради тоа, Советско-финската војна е доказ дека планирањето и познавањето на теренот е од клучно значење за воените операции. Советите брзо го усвоиле методот на герилско војување, што подоцна им помогнало полесно да ја одбранат сопствената територија од Германците.

м-р Игор Дамјановски



# Семинар „Бенефиции за крводарителите“

Во организација на Црвениот крст на Република Северна Македонија, во Струга се одржа семинар на тема „Бенифиции за крводарителите“, на кој учествуваше и претставник од Армијата на Република Северна Македонија како институција која непосредно е вклучена во реализација на Програмата и учествува во Годишниот интегрален план за организирање на крводарителски акции на Република Северна Македонија

Во согласност со Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија, во периодот од 12 до14 мај 2023 година, во хотелот „Солферино“ во Струга се одржа семинар за крводарителство на тема „Бенифиции на крводарители“. На покана од организаторот, Црвен крст на Република Северна Македонија, на семинарот учествуваше претставник од Армијата како институција која непосредно е вклучена во реализација на Програмата и учествува во Годишниот интегрален план за организирање на крводарителски акции на Република Северна Македонија.

На семинарот учествуваа претседатели и секретари на општински организации на Црвениот крст на Република Северна Македонија, како и претставници на Министерство за здравство, Фондот за здравствено осигурување, Министерството за труд и социјална политика, Институтот за трансфузиона медицина, како и волонтери од Црвениот крст и од клубови на крводарители.

На Семинарот беа презентирани и се водеа дискусии за бенифициите со кои се здобиваат крводарителите кои дарувале крв над 10 пати. Во рамките на видовите бенефиции со кои се здобиваат крводарителите во Република Северна Македонија се истакна дека тие се ослободени од партиципација при користење на определени видови здравствени услуги.

Целта на дискусиите беше во насока на изнаоѓање на конструктивни решенија за унапредување на сите видови бенефиции, со што на крводарителите ќе им се искаже благодарност за нивната хуманост.

Крводарителите се категорија на граѓани кои се од непроценлива вредност за заедницата и општеството треба постојано да се стреми да се зголеми мотивот за вклучување и на останатите граѓани да даруваат крв, за да може да се соберат потребните количини на крв и крвни продукти кои се неопходни за лекување на болните и повредените.

Крводарителството ги развива особините на хуманост и солидарност кај граѓаните, а особено кај младите придонесува за подигнување на нивото на здравствената култура и на јавната свест.

Припадниците на Армијата на Република Северна Македонија со години наназад во голем процент придонесуваат во организираните крводарителни акции кои се спроведуваат во повеќе организациски единици на Армијата и тоа повеќе пати во текот на една година.

Елизабета Ташковска



# Семинар за родово одговорно лидерство

На 20 јуни 2023 година во Белград, UNDP/SEESAC организираше семинар за високи авторитети, во форма на панел-дискусија за родово одговорно лидерство. На истиот учествуваа високи претставници од министерствата за одбрана и вооружените сили на Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Семинарот за високи авторитети во однос на родово одговорното лидерство кој се одржа во Белград, имаше цел да се разменат знаења и да се споделат најдобрите практики од државите во регионот, односно конкретно од институциите на системите за одбрана во коишто работат. Четворицата команданти и носители на одлуки на високо ниво, кои во текот на последните две години ја завршија „Менторската програма за родовово одговорно лидерство" (gender couch program), наменета за висок кадар, а со поддршка на UNDP/SEESAC, дискутираа за:

– Улогата на лидерите во зајкнување на родово одговорниот концепт за безбедност во земјите од Западен Балкан;

– Значењето на кариерниот развој за зголемување на застапеноста на жените во униформа на менаџерски, раководни, односно комадни позиции;

– Улогата на родово одговорните лидери во постигнување на нулта толеранција при родово базирана дискриминација и вознемирување;

– Интегрирање на родовата перспектива во образовните содржини, односно едукацијата и обуката во одбранбениот сектор.

Преку панел-дискусија помеѓу раководниот и командниот кадар, односно лицата кои се на одлучувачки позиции, се интерпретираше улогата на лидерите во процесот на интеграција на родовата перспектива во политиките во одбранбените системи на Западен Балкан, а во согласност со целите за одржлив развој за жени, мир и безбедност, како и Глобалната безбедносна агенда. Исто така беа разменети искуства и добри практики во имплементација на работните услови и професионален развој за трансформативна промена, но се дискутираше и за постојаната






присутност на родовите стереотипи коишто се скриени при целосна интеграција на жените во одбранбените системи и мапирање на најдобрите стратегии и практики за отстранување на институционалните бариери за родова еднаквост. На крајот, беше акцентирано инкомпорирање на родовите аспекти во военото образование и обука коешто е неопходно за одржливи промени во одбранбените системи, различните пристапи за стандардизирана родова обука и овозможување на редефинирање на воените наставни планови и програми. Настанот заврши со еден заеднички заклучок дека: Родово одговорните лидери се клучот за родовата еднаквост во министерствата за одбрана и вооружените сили на Западен Балкан, нивната активна улога и нивното однесување како role-model може да има трансформативни промени во позитивна насока. Всушност улогата на авторитетите, лидерите и повисокото раководство, нивните вредности, знаењето и однесување прифатени од вработените, создаваат институционални вредности и култура во одбранбените системи.

**„Жените и безбедноста“ – Курс за родова свест**

Во текот на месец јуни 2023 година во општинските простории на Куманово, Република Северна Македонија, се одржа родова обука под наслов „Жените и безбедноста – Курс за родова свест за персоналот, односно за штабот на СЕЕБРИГ (SEEBRIG-South-Eastern Europe Brigade), чие мото е „Еден тим, една мисија“.

Обуката беше во организација и поддршка на РАКВИАК од Хрватска, кој се етаблира како водечка и релевантна регионална платформа за спроведување на безбедносен дијалог за потребите на глобалната стабилизација, со посебен фокус на родовата интеграција во безбедносниот сектор.

Обуката ја изведе, односно ја реализираше регионален мобилен тренинг тим составен од сертифицирани родови обучувачи од Северна Македонија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.

Активноста беше планирана од 2021 година, но поради КОВИД-19 пандемијата се одложуваше неколкупати за конечно да се реализира и се доживее како успех кој се должи на заедничка волја, посветеност и изградена соработка, не само на билатерално, туку и на регионално ниво помеѓу вклучените страни. Притоа, посебно се истакнува изразениот интерес за тематиката од страна на СЕЕБРИГ, како и поддршката од највисоките авторитети, командантот на СЕЕБРИГ, бригадниот генерал Евангелос Митруцикос и началникот на штабот, полковник Златко Ѓорѓиовски.

Обуката имаше цел да се зголеми свеста на персоналот од штабот на СЕЕБРИГ за родовата перспектива и важноста на родовата интеграција во операциите за поддршка на мирот но, исто така, за зајкнување на вештините, капацитетите и посебните компетенции на персоналот кој непосредно е вклучен во воените процеси на мултилатерално ниво. Наставниот план и методолигијата за наведената обука беа одлично конципирани, за што целосната содржина беше разбрана како двигател во насока на што поквалитетно исполнување на задачите, односно професионална и стручна реализација на планираните активностите и постигнување на проектираните резултати, а притоа земјаќи ја предвид родовата перспектива. Како најголема придобивка произлезе сфаќањето и разбирањето за подобрување на еднаквите можности на жените и мажите во воената организација, како и што подобро интегрирање на родовата перспектива.

Активноста беше успешно реализрана со плодна работа, интерактивност и продуктивни дискусии од страна на целната група којашто беше составена од претставници/претставнички од седум нации, мажи и жени, офицери и подофицери од различни возрасти, но и по еден претставник од општина Куманово и од Министерството за одбрана на Романија.

Антониела Станковска-Будимир

# Одбележан Меѓународниот ден на мисијата КФОР

Меѓународниот ден на мисијата на НАТО-КФОР во Косово се организира на годишно ниво и на одбележувањето присуствуваат припадниците од армиите на сите 27 земји кои придонесуваат во мисијата. Армијата на Република Северна Македонија активно придонесува во НАТО мисијата КФОР од 1.11.2020 година, а контингентот составен од 65 припадници извршува задачи во регионалната команда на КФОР-запад во Пеќ, како и со штабни старешини во главната команда.

Одбележувањето на Меѓународниот ден на мисијата КФОР во Косово има цел да се зајакне интеграцијата помеѓу меѓународниот воен персонал, но и со локалното население, со што придонесува во промовирање на културната различност во рамките на мисијата како еден од факторите на успех во мисијата. За време на овој ден и припадниците на македонскиот контингент кои учествуваат во рамките на мисијата КФОР во Косово имаа свој штанд на кој ја претставија Армијата на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана. На штандот на македонските припадници се делеше промотивен материјал за Армијата и Министерството за одбрана, како што е на пример списанието „Штит“, но исто така беше претставена и Република Северна Македонија преку сувенири и уникатни производи на македонските фирми.



# CISAM

# Балканско воено првенство во полумаратон

Во период од 5 до 8 мај во срцето на Република Босна и Херцеговина, Сараево, се одржа четвртиот по ред Сараевски маратон. Воедно се одржа и CISAM, Балканското првенство во полумаратон. Низ улиците на Сараево протрчаа над 1000 професионалци, аметери и љубители на атлетиката. Од нашата Армија учество зедоа: во машка конкуренција мајор Игор Јакимовски, капетан Жан Тосев, пфв. Трајче Илиевски и пфв. Добре Кузмановски, а во женска конкуренција наредник Марија Пеликон и пост.в1кл.Ирена Лековска. Нашите припадници беа сместени во воената база „Рајловац“, на 12 км оддалеченост од центарот на Сараево. Стартот на трите трки маратон, полумаратон, и меморијалната трка „Осман Јунузович“ на 5 км беше во 08:00 часот, во близина на градскиот плоштад „Вјечница“. Технички патеката не беше идеално рамна, а времето се искачи на речиси 30 степени уште рано утрото, па за дел од натпреварувачите условите не беа посакувани. Најдобри резулати постигна капетанот Жан Тосев, кој беше 14-ти во генерален пласман со време од 1 час и 13 минути.  Сите резултати може да се погледнат на Сараево маратон, Стотинка. На овогодинешното издание имаше повеќе од 9 нации, кои со своето учество го збогатија настанот,  а ведрина и позитивна енергија струеше низ улиците на Сараево долго потоа. Многу емоции, многу дух и мултикултура на едно место кое дишеше со историја, култура, надополнето со богата традиционална кујна на која никој не остана рамнодушен. Гостопримливоста на домаќините, срдечноста, како и богатата програма што ја имаа за културно запознавање




на Сараево, дента пред полумаратонот, беше и повеќе од одлична (посета на Баш-чаршија, цркви, катедрали, Бегова џамија, музејот на Олимписките игри во 1984 година) и други знаменитости.
На нашите атлетичари на следните трки им посакуваме многу успех, „лесни нозе“ и достојно претставување на нашата Армија.

М.П

# 17-ти интернационален отворен турнир во стрелаштво

Екипи од командите и единиците од Армијата, на покана на македонската Спортска стрелачка федерација, традиционално и оваа година учествуваа на 17-тиот интернационален отворен турнир во стрелаштво „Гранд При Скопје 2023“, кој се одржа на спортското стрелиште „Камник“. На отворањето на 17-тиот „Гранд При Скопје 2023“, се обрати началникот на штаб во Командата за операции, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски кој на учесниците им посака успех и постигнување на високи резултати за време на турнирот. На натпреварите припадниците на Армијата демонстрирајќи ја својата подготвеност во ракување со своето оружје оствариja забележителни резултати во дисциплините: гаѓање со пиштол на 25 метри, гаѓање со автоматска пушка на



100 метри и со полуавтоматска снајперска пушка на 100 метри. Екипно прво место во дисциплината гаѓање со пушка на 100 метри, го освои екипата од Командата за обука и доктрини од Центарот за обука на питомци во состав: Мартина Стаменова, Милица Перишиќ и Аделаида Бегановиќ, а екипата на Генералштабот го освои третото место.
По завршување на натпреварувањето, организаторот на турнирот во стрелаштво, Македонската спортска стрелечка федерација, на на најдобро пласираните екипи и поединци им додели пехари и медали.

# Пријателски фудбалски натпревар

Како дел од билатералната воена соработка со Вооружените сили на Обединетото Кралство, Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, во координација со Фудбалската федерација на Република Северна Македонија организираа пријателски фудбалски натпревар помеѓу женските екипи на Вооружените сили на Обединетото Кралство   и македонската женска А репрезентација. На одиграниот натпревар на стадионот „Борис Трајковски“ , на која победи македонскиот женски фудбалски тим од страна на Армијата беше овозможена и подршка со лиценцирани фудбалски судии и санитетска поддршка.



# Признание за Баталјонот за специјални намени

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во Охрид им оддадоа признание на припадниците од Баталјонот за специјални сили за прикажаниот степен на обученост за показната вежба како дел од комбинираната обука од доменот на специјални операции на водени површини. Генералот Ѓурчиновски и министерката Петровска изразија пофални зборови за прикажаната обученост, оддавајќи признание за професионалноста и залагањето за успешна реализација на активностите во согласност со Планот за обука на Баталјонот на специјални сили. Притоа ја нагласија важноста од континуираната динамична обука која придонесува во подобрување на интероперабилноста од доменот на специјалните сили помеѓу НАТО сојузничките армии.

Прикажаните активности се дел од програмата за Денот за високи посетители во рамки на обуката за специјални сили и имплементирање на стекнати искуства од заедничките обуки со специјалните сили од НАТО армиите во рамки на програмата „Joint Combined Exchange Training – JCET“. За време на вежбовните активности кои се изведуваа во кампот за обука на вода во Охрид, припадниците од Баталјонот за специјални сили реализираа повеќе активности на вода, меѓу кои и обука во нуркање и специјални задачи на водени површини кои овозможуваат унапредување на обученоста и интероперабилноста во извршување на суштинските задачи од доменот на специјалните сили.



# Обука за извидување на просторот

Во согласност со Годишниот план за работа за 2023 година, старешините од Командата за операции (КО) и командантите на ППЕ на КО, на 30.6.2023 година реализираа заедничка практична форма на обука на извидување на просторот. Командата и штабот на КО ја предводеше командантот на КО, бригаден генерал Бесник Емини. Целта на оваа активност беше да се извиди просторот во источниот дел на државата во реоните: Куманово, Пониква, Чавка и Богданци и да се согледаат неговите военогеографски карактеристики, тактички услови како и просторните ограничувања кои влијаат на проценaта и организација на борбени дејства. На практичната работа по работните точки, началниците на секциите од КО ги брифираа учесниците



за разузнувачка подготовка, географската и тактичка ориентација на теренот, можностите за тактичко ангажирање на единици за изведување на борбени дејства, организацијата на логистичкото обезбедување, остварување на цивилно-воената соработка и организација на врските. Ваков вид на форма на практична обука редовно се изведува во Командата за операции и за потчинетите единиците, со цел запознавање на теренот со стратегиско-тактичките правци на територијата на Република Северна Македонија и обука и надградба на клучниот персонал.

Ч.С.

# Висок степен на обученост

Припадници од Единицата за специјални намени „Волци“ беа учесници на вежбата „Балкански воин 23“, каде што имаа можност за целосен приказ на своите способности при изведување на здружени вежбовни активности со сојузниците од НАТО. На вежбата која се изведуваше на Армискиот полигон „Криволак“ во периодот од 25 до 30.6.2023 година, единицата од составот на Баталјонот за специјални сили, заедно со колегите од специјалните сили на грчката армија претставија потполна интероперабилност во изведување на тактиките, техниките и процедурите при изведување на специјални операции. Покажаниот висок степен на обученост која ги надминува очекувањата е резултат на континуираната соработка која ја имаат припадниците на овие две специјални единици од сојузничките армии кои со меѓусебните односи и довербата ја демонстрираат колективната воена подготвеност за распоредување и одговор на секоја криза.








## Камп за обука на вода во Охрид

**Припадниците од Баталјонот за специјални сили изведуваат активности на вода, меѓу кои и обука во нуркање и специјални задачи на водени површини**

# Самооден повеќецевен лансер на ракети M270 MLRS

Наменета на M270 MLRS (Multiple Launch Rocket System/ повеќецевен лансирен ракетен систем) е борбено дејствување врз стационирани или подвижни цели, односно контра дејство врз непријателски артилериски системи, непријателска жива сила, неоклопни воени возила, оклопни возила, системи за ПВО, командни центри, локација на концентрирање непријателски сили, утврдени позиции и друго до далечина од 300 km. Во основа M270 MLRS е оклопен високоавтоматизиран самооден (гасеничен) повеќецевен лансер на ракети, кој има голема мобилност, голема боева моќ и можност за дејствување во сите временски услови преку ден и ноќ. Овој артилериски ракетен систем користи ненаведувани и наведувани ракети (земја-земја), односно со голема прецизност може борбено да дејствува на мали и големи далечини врз просторни цели или точкасти цели кои се наоѓаат на отворен терен или во урбани комплекси. M270 е составен од 3 основни системи, односно од универзалното гасенично возило M993, лансирниот модул M269 кој поседува вграден кран за сопствено полнење/ празнење и електронски систем за контрола на огнот. Гасеничното оклопно возило M993 е развиено со компоненти од подвозјето на БВП возилото „Bradley“ и има екипаж од 3 лица (возач, нишанџија и командир на возило). Оклопното тело на возилото е изработено од алуминиумската легура 5083, додека кабинскиот простор за екипажот е оклопен со алуминиумската легура 7039. Оклопот на кабината штити од дејство на лесно пешадиско оружје и шрапнели од артилериски гранати. За разлика од основната верзија, M270A1 има подобрувања во повеќе сегменти на системот за контрола на огнот и механичките сегменти на лансирниот модул M269, односно овозможено е побрзо полнење на контенјерите со ракети, побрзо нишанење, има посовремен хардвер и софтвер, подобрени се можностите за користење на нови ракети и друго.
На задниот дел од возилото е поставен подвижниот автоматизиран лансирен модул M269. Лансирниот модул по вертикала може да се движи од -2° до +55°, а по хоризонтала ±140°. Во него може да се вметнат 2 контејнери секој со по 6 лансирни цевки изработени од фиберглас, во кои се сместени ракети (дијаметар 227 mm) кои се фабрички спакувани и затворени.
Ракетите во контејнерите без одржување безбедно можат да бидат складирани 10 години. Стандардниот контејнер за 6 ракети ги поседува следните димензии, должина 4.04 m, височина 0.84 m и широчина 1.05 m, додека тежината му изнесува 2.27 тони. Од повеќецевните лансери можат да се користат следните ракети: ненаведуваните M26, M26A1, M26A2 и AT2, вежбовните M27, M28, M28A1 и M28A2 и наведуваните GMLRS M30, GMLRS M30A1, GMLRS M30A2, GMLRS M31, GMLRS M31A1, GMLRS M31A2, M32 SMArt и ER GMLRS. Полнењето на модулот M269 со ракети се изведува со помош на кранови поставени на горниот дел од модулот. Во зависност од потребите на мисијата, односно при дејствување на големи далечини во модулот M269 можат да се постават и 2 контејнери, секој опремен со по една наведувана тактичка ракета ATACMS, со пречник од 610 mm. Во зависност од верзијата, овие ракети имааат касетна или унитарна боева глава и дострел од 160 km до 300 km. Компјутерскит систем за контрола на огнот овозможува редукција на екипажот до 1 војник-послужител, кој може самостојно да изведува полнење и празнење на лансирниот модул M269. Брзината на борбеното дејствување на M270A1 изнесува 12 лансирани ракети за 40 секунди. Постои и можност за индивидуално дејствување со една ракета или со по 2 ракети. При дејствување со 12 ракети опремени со касетна боева глава може да се покрие површина од 500x500 m. M270A1 има можност C3 (Command, Control and Comunication system). За комуникација помеѓу екипажот во возилото е вграден комуникацискиот систем AN/VIC-1, а за комуникација со други, радиостаницата AN/ VRC-92A. Во кабината за екипажот вграден е систем за АБХО-заштита со филтерот за гасови M13A1. Возилото е опремено со систем за детекција на оган AN/GYK-37, GPS-приемник AN/PSN-11 и друго.
Во возилото е вграден турбо дизел-моторот V8 Cummins VTA-903T со моќност од 500 кс, во комбинација со хидромеханичката трансмисија HMPT-500.
Верзии на M270 се: M270A1, M270A2, M270B1, M270C1, M270D1 и MARS II.
По воздушен пат M270 може да се превезува со транспортните авиони C-17 и C-5. Овој артилериски ракетен систем го набавиле 18 држави, но моментално го користат само 15 држави, од кои 9 се членки на НАТО.

Ивица Дамески





**Пресек-слика на M270 MLRS**

1. Оклопна кабина за екипажот изработена од алуминиумската легура 7039
2. Позиција на возачот
3. Дигитален контролен панел од системот за управување со огнот
4. Позиција на нишанџија
5. Позиција на командир на возило
6. Поклопец на кабината
7. Турбо дизел мотор Cummins VTA-903T
8. Кранови за товарање/ растоварање на контејнерите со ракети
9. Контејнер за ракети со 6 цевки




| Тактичко-технички карактеристики на M270A1 MLRS | |
|---|---|
| **Екипаж** | 3 члена |
| **Должина** | 6.97 m |
| **Височина** | 2.62 m |
| **Височина со макс.подигнат лансер на ракети** | 5.92 m |
| **Широчина** | 2.97 m |
| **Клиренс** | 43 sm |
| **Тежина празен** | 20.189 тони |
| **Тежина полн** | 25.191 тони (со 12 ракети M26) |
| **Погон** | Турбо дизел мотор Cummins VTA-903T,со моќност од 500 кс |
| **Максимална брзина на движење на пат** | 64 km/h |
| **Максимална брзина на земјена подлога** | 48 km/h |
| **Капацитет на гориво** | 617 литри |
| **Автонимија на движење по пат** | 483 km |
| **Преден наклон** | 60% |
| **Бочен наклон** | 40% |
| **Вертикална препрека** | 0.9 m |
| **Преминување ров** | 2.32 m |
| **Премин низ водена препрека** | 1 m |

**10.** Модул M269 со можност за самополнење со контејнери со ракети и нивно лансирање

**11.** Хидрауличен систем за придвижување по елевација

**12.** Подвижна платформа за ротирање на модулот M269

**13.** Мрзливец

**14.** Носач на гасеници

**15.** Позиција за сместување за дел од електрониката

**16.** Потпорни тркала

**17.** Метални гасеници со широчина од 530 mm

**18.** Погонско тркало

**19.** Од страните на оклопната кабина се вградена по една врата



# Авион „Mitsubishi T-2“

Јапонскиот воздухоплов „Mitsubishi T-2“ бил суперсоничен млазен авион кој го користеле воздушните сили за самоодбрана. Бил воведен во употреба во далечната 1975 година, а воедно бил и првиот јапонски дизајниран авион кој ја пробил звучната бариера. Сите авиони од овој тип биле повлечени од оперативна употреба до 2006 година

По завршување на Втората светска војна, во јапонската авионска индустрија била на сила забраната за истражување на нови дизајни, а биле уништени материјалите и опремата поврзани со оваа индустрија. Во 1952 година делумно била укината оваа забрана со што се отворил патот за проектирање, дизајн и развој на јапонски млазен авион. Две години подоцна, се појавил планот на Агенцијата за одбрана за нов млазен воздухоплов за обука, што довел до развој на авионот за обука познат под името Fuji T-1. Тоа бил првиот јапонски масовно произведуван млазен авион и првиот авион со променлива геометрија на крилото. После Втората светска војна, Јапонија останала без модерен млазен ловец за одбранбени цели. Две децении по завршувањето на војната, јапонските воздушни сили за самоодбрана започнале да размислуваат за развој на суперсоничен воздухоплов. Тие утврдиле дека субсоничниот модел „Fuji T-1“ не бил целосно соодветен за полна оперативна и тактичка подготовка на пилотите-приправници во однос на реализацијата на покомплексни и потешки задачи со моделите „Lockheed F-104J Starfighter“ и „McDonnell Douglas F-4EJ Phantom“ кои биле во употреба во Јапонија. Првичните студии започнале во 1965 година со надеж дека ќе ја формираат основата за иден современ авион.  Во одреден момент се размислувало и за набавка на постоечки странски авиони наместо развој на сопствен модел на авион. Во таа насока Соединетите Американски Држави го понудиле „Northrop T-38 Talon“, а англо-францускиот конзорциум го понудил SEPECAT Jaguar (SEPECAT е кратенка од Société Européenne de Production de l’avion Ecole de Combat et d’Appui Tactique). Јапонија внимателно ги разгледала двете понуди и се обидела да преговара за лиценцирано производство на „Jaguar“. Овие планови пропаднале, веројатно поради прашањата за кралското семејство и национализмот, како и поради високите плаќања за авторски права што ги барала компанијата SEPECAT. На крајот, Јапонија одлучила да произведе сопствен воздухоплов, со дизајн и исполнување на побарувањата по примерот на „Jaguar“. Во 1967 година јапонските компании од авионската индустрија, како „Fuji“, „Kawasaki“ и „Mitsubishi“, доставиле свои предлози, а под водство на главниот дизајнер бил избран дизајнот на „Mitsubishi“. Официјалниот договор за развој на суперсоничен и напреден тренинг авион „XT-2“ бил со важност од 1968 година. Компанијата „Mitsubishi“ била во улога на главен изведувач, компанијата „Fuji“ како подизведувач, во комбинација со неколку други воздухопловни фирми и помали производители во областа од авијацијата. До 1969 година дизајнот бил финализиран, а прототипот XT-2 бил претставен во 1971 година. Првиот лет го реализирале истата година, а првата целосно оперативна единица се појавила на 1 октомври 1976 година. Биле произведени 90 авиони во повеќе варијанти, а производната линија завршила во 1988 година.

## Дизајн

Конфигурацијата на „Mitsubishi T-2“ јасно потсетувала на онаа од моделот за „Jaguar“, со две седишта, а бил придвижуван од два мотори на „Rolls-Royce Turbomeca Adour“, истиот тип на мотор што го користи и „Jaguar“. И покрај овие сличности, „Mitsubishi T-2“ се одликувал со многу разлики во однос на другите карактеристики. Бил направен главно од авионски алуминиумски легури, со селективна употреба на титаниум и без резервоари за гориво во крилата. Авионот бил значително подолг,




а со значително пократок распон на крилата. Екипажот седел во тандем, а инструкторот за летање бил зад кадетот на подигнато седиште со подобар поглед за набљудување. Стандардна опрема на авионот била составена од следните системи: Search and Ranging Radar, Heads-up Display (HUD), Automatic Heading and Reference System, UHF Radio, Identification Friend or Foe, како и TACAN Radio Beacon Navigation Receiver System, сите направени во Јапонија. Овој авион се одликувал со вградено вооружување, кое се состоело од 20 милиметарски топ од типот „Gatling General Electric M61 Vulcan“, изграден во Јапонија под ознаката „JM61“. Топот бил поставен на левата страна на трупот под пилотската кабина, а магацинот за муниција бил сместен зад задната пилотска кабина. Авионот можел да биде опремен со шини за лансирање на краевите на крилата со ракетите „воздух-воздух“ (Sidewinder). Овој воздухоплов може да носи респектабилно, надворешно оптоварување преку 2.000 килограми, вклучително и до два надворешни резервоари за гориво од 821 литри. Има надворешна должина од 17.85 метри, висина на трупот од 2.8 метри, висина на опашката од 4.39 метри и распон на крилата од 7.88 метри. Празната тежина изнесува 6.179 килограми, а максимална тежина на полетување била 12.800 килограми.

**„Mitsubishi F-1“**

Авионот „Mitsubishi T-2“ исто така бил основа за воениот авион „Mitsubishi F-1“.




Во суштина тоа е авионска рамка од авионот T-2, модифицирана за наменска улога и реализација на мисии на море и на копно. Авионот „Mitsubishi F-1“ е јапонски суперсоничен авион со едно седиште, во служба со Јапонските воздушни сили за самоодбрана од 1978 до 2006 година. Тоа бил првиот јапонски, домашно дизајниран борбен авион, заеднички развиен од „Mitsubishi Heavy Industries“. Освен промените во авионската опрема и отстранувањето на задното седиште, единствената друга поголема промена од „T-2“ било зајакнувањето на конструкцијата на воздухопловот, со цел да може да носи поголемо оптоварување со оружје од моделот „T-2“. Примарното оружје на „F-1“ се ракетите „ASM-1“ и поновата „ASM-2“ противбродска ракета со долг дострел (ова оружје е приближно во класата на американскиот „AGM-84 Harpoon“ или францускиот „AM.39 Exocet“). Дополнително, бомбите „Мк-82“ и „М117“ можат да бидат опремени со комплети за инфрацрвено наведување, претворајќи ги во прецизно наведувани оружја од топлинското зрачење што се емитува од морските цели како што се бродови или други цели на земја. Авионот „F-1“ беше заменет со „F-2“ (јапонско-американски модел, базиран на F-16C/D), како и надградениот „F-4EJ Kai Phantom II“. Последните шест активни „F-1“ авиони биле повлечени на 9 март 2006 година, откако го достигнале ограничувањето со 4000 часа во воздух со постојните воздушни рамки.

Драган Павловски



# „Eitan“ – Израелски оклопен транспортер

Оклопниот транспортер „Eitan“ е прв од ваков вид, напреден, тежок оклопен транспортер на тркала, за сите терени, наменет за израелските одбранбени сили

„Eitan“ е нов повеќенаменски оклопен транспортер на тркала 8×8 (APC), развиен од страна на „Меркава“ и Дирекцијата за оклопни возила на Министерството за одбрана на Израел (IMOD). ОТ „Eitan“ ќе ги замени старите оклопни транспортери „APC M113“ во служба со Израелските одбранбени сили (IDF). Оклопниот транспортер „APC“ е напредно, заштитено борбено возило со висока подвижност и огнена моќ. Може да обезбеди борбена мобилност на силите на различни видови терени. „Eitan“ беше претставен од страна на Дирекцијата за оклопни возила и тенкови на Министерството за одбрана на Израел (IMOD), во соработка со копнените сили на Израел во август 2016 година. Планирано е првите оперативни ОТ „Eitan“ да бидат доставени до бригадата „Nahal Brigade“, една од главните пешадиски бригади на државата Израел.

**Дизајн и карактеристики на оклопниот транспортер „Eitan“**

ОТ „Eitan“ тежи меѓу 30 и 35 тони и се заснова на технологии кои се користат при изработката на серијата тенкови „Меркава“ и оклопните борбени возила на пешадијата „Namer“. Тој е првенствено дизајниран за транспорт на персонал и оружје. Модуларниот дизајн овозможува возилото да се конфигурира во различни варијанти, со цел да ги исполни барањата на мисијата. Должината на возилото е 8 метри, додека ширината и висината се до 3 метри. Инсталиран е со периферни камери за дневно и за ноќно гледање. Исто така, има можности за предна пресметка и обработка со користење на компјутеризирана технологија, како и монитори и процесори на допир за работа на различни системи на возилото. Возилото може да прими екипаж од тројца, вклучувајќи го командирот, возачот и операторот на далечински управуваната вооружена станица (RCWS), заедно со девет војници со нивната опрема.

Трупот во форма на буквата „V-shape“ на ОТ „Eitan“ му нуди засилена заштита на војниците од мини и импровизирани експлозивни направи (IEDs). ОТ „Eitan“ е опремен со систем за активна заштита „Iron Fist (APS)“ произведен од страна на компанијата „Elbit Systems“, таканаречен напреден „soft and hard kill APS“ кој обезбедува заштита од противтенковски закани и го подобрува опстанокот (преживувањето) на оклопните платформи. Активниот систем за заштита „Iron Fist APS“ беше

избран наместо првично планираниот систем за активна заштита „Trophy“, кој беше развиен од страна на компанијата „Rafael Advanced Defense Systems“ Во декември 2022 година, копнената дивизија на компанијата „Elbit Systems“, Директоратот за тенкови и оклопни транспортери и копнените сили на Израел заврши серија тестови за пресретнување на системот „Iron Fist“ на ОТ „Eitan“ - APC. Системот пресретнуваше противтенковски закани во борбени сценарија со повеќе закани за време на тестовите.
„Iron Fist“ е дизајниран да обезбеди покриеност од 360° за сценарија од блиско растојание во отворени и урбани услови. Таа, исто така, обезбедува непријателска локација на изворот на оган за да им овозможи на трупите да го затворат огнениот круг на бојното поле.
Системот се состои од независен пакет со електрооптички сензори што може да се справи со повеќе закани истовремено. Вклучува и радар за пребарување и следење, како и пакет за реакции со фрлачи и пресретнувачи. Системот за заштита „Iron Fist APS“ ќе го подобри маневрирањето на ОТ „Eitan“ во борбени сценарија на сите терени, истовремено обезбедувајќи зголемена заштита и оперативни способности за силите.
ОТ „Eitan“ е опремен со топ од 30 мм, далечинска управувана вооружена станица со тежок митралез од 12,7 мм и митралез од 7,62 мм поставен на „pintle mount“. Возилото, на барање на потрошувачите, може да биде опремено и со други видови на вооружување, како автоматски топ 40 мм или фрлач на гранати.
ОТ „Eitan“ - APC е придвижуван од германскиот MTU турбо дизел-мотор со 750 hp инсталиран во предниот моторен простор на возилото.
ОТ е опремен со централен систем за надувување на гуми, што ја подобрува неговата подвижност на нерамни терени. Може да постигне максимална брзина од повеќе од 90 km/h (56mph) и максимален опсег од 1.000 km. Возилото може да совладува вертикален наклон од 60% и страничен наклон од 30%. Може да помине низ ров широк 2 m и слив на вода со длабочина од 1,2 m.

**Вклучени изведувачи**
Компанијата „Oshkosh Defense“ од Висконсин, САД, дизајнер и производител на воени возила и системи за мобилност, доби договор вреден 100 милиони долари од Министерството за одбрана на Израел, IMOD, за производство на трупови за ОТ „Eitan“ - APCs, во јануари 2023 година. Компанијата започна со производство во 2023 година и очекува да ги испорача првите трупови за овие возила во рок од 18 месеци. Министерството за одбрана на Израел IMOD го избра „Elbit Systems“ да го испорача активниот систем за заштита „Iron Fist Light Decoupled APS“ за оклопното борбено возило „Eitan“ (AFV) и булдожерот „D-9“ во август 2019 година.
Сериското производство стартуваше во 2022 година и единицата „Nahal Brigade“ во месец мај 2023 година стана првата пешадиска единица од Израел која ги поседува овие возила. Моментален и единствен оператор на овие возила се Израелските безбедносни сили.

Идриз Идризоски



| **Спецификации на овие оклопни возила се:** | |
|---|---|
| **Тип на возило** | Оклопен транспортер |
| **Земја на потекло** | Израел |
| **Влезени во употреба** | 2023 година |
| **Производител** | Merkava and Armoured Vehicles Directorate |
| **Должина** | 8 метри |
| **Широчина** | 2,8-3 метри |
| **Висина** | 2,5-3 метри |
| **Тежина** | 30-35 тони |
| **Мотор** | MTU турбо дизел мотор со 750 hp |
| **Посада** | 3+9 (возач, нишанџија, командир + 9 војници) |
| **Вооружување** | ДУВС со митралез 12,7 мм и митралез 7,62 мм |
| **Автономија на опсег** | 1000 km |
| **Максимална брзина на пат** | 90 km/h |
| **Совладување на наклон** | од 60% |
| **Совладување на страничен наклон** | 30% |
| **Совладување на водена препрека** | 1,2 м |
| **Совладување на вертикална препрека** | 0,8 м |
| **Совладување на ров** | 2 м |



# „Nakajima Ki-84 Hayate“

Втората светска војна била синоним за многубројни новитети кои биле директно „виновни“ за брзиот индустриско-креативен развој на нациите. Денес Јапонија и сè што е произведено во неа е синоним за врвен квалитет. Тоа и не било поразлично за време на Втората светска војна, особено во развојот на борбени воздухоплови

Иако целосната слава за најдобро познат и најдобар јапонски воздухоплов ја преземал „Mitsubishi A6M Zero”, јапонската воена индуструја произвела многу други авиони кои биле на нивото на познатиот „Zero“, па дури и подобри од него. Како таков бил воздухопловот „Nakajima Ki-84 Hayate“. „Ki-84“ бил успешен обид на јапонското воено раководство да произведе целосен, севкупен ловец, сумирајќи ги сите позитивни карактеристики од останатие јапонски ловци и отфрлајќи ги сите негативни. Не само тоа, туку јапонското воено раководство тежнеело кон инкорпорирање на карактеристиките на најмодерните сојузнички ловци кои, пак, своевремено биле речиси секогаш еден чекор пред јапонските. Со производството на „Ki-84“, Јапонија го имала на располагање еден од најдобрите ловци во Втората светска војна.

**Дизајн**

Сојузничкиот прекар на „Nakajima Ki-84 Hayate“ бил „Френк“. Авионот бил етикетиран од страна на сојузниците како јапонски авион со најдобри карактерисики при летање во големи бројки, односно големи форамции. Тој поседувал голема брзина, одлични маневрирачки способности и можност за комбинирано вооружување од два топа со калибар од 20 милиметри или два топа со калибар од 30 милиметри. Дизајнот на авионот ги постигнал и надминал бараните карактеристики од страна на јапонското воено раководство. Имено, воздухопловот бил на исто рамниште со сите тековни најмодерни сојузнички ловци за време на Втората светска војна, а во некои ситуации дури и супериорен. Дизајнерскиот процес на авионот започнал во раната 1942 година, како нормална постапка да се замени веќе застарувачкиот „Ki-43“ ловец, кој бил негов претходник, исто од компанијата „Nakajima“. Уште пред првите нацрти, специфичните барања од јапоснкото воено раководство гласеле новиот воздухоплов да ги задржи одличните маневрирачки способности на „Ki-43“, но и да добие значително потешко вооружување. Вооружувањето со мал калибар било идентификувано како главен проблем и недостаток на „Ki-43“. Меѓутоа, несоодветното вооружување не бил единствен проблем, па концептот на дизајнот на „Ki-84“ се основал на адресирање на три недостатоци на „Ki-43“: 1) интегрирање на тешко вооружување; 2) креирање на подобар оклоп, првенствено за самоодбрана од непријателски оган; 3) зголемување на брзината за достигнување на оперативна висина. Овие карактеристики биле достигнати на висок и квалитетен начин. „Ki-84“

бил целосно дизајниран со метална конструкција, освен управувачките контроли кои биле покриени со платнен материјал. Авионот имал нискокрилен дизајн со конвенционални тркала за слетување. Неговото вооружување се состоело од два митралези со калибар од 12,7 милиметри, лоцирани во носниот предел на авионот, веднаш над моторот, поставени за синхронизирана акција со четири-перниот пропелер. Тој имал и два топа со калибар од 20 милиметри, кои биле лоцирани во крилата. Наведената конфигурација на вооружување била значителен напредок од конфигурацијата на вооружувањето на „Ki-43“ која се состоела само од два митралези со калибар од 12,7 милиметри. Самоодбранбените карактеристики на „Ki-84“ биле дефинирани со создавање на оклоп за заштита на резервоарите за гориво, како и пилотската кабина. Авионот имал самозапечатувачки резервоари за гориво, како и 65-милиметарско блендирано стакло, 13-милиметарска оклопна плоча која ја штителo главата и грбот на пилотот, и неколку оклопни плочи лоцирани на различни места низ конструкцијата на авионот кои заштитувале критични елементи, како резервоарот за метанол и вода. Овој резервоар овозможувал зголемување на работата на компресорот кој, пак, директно бил одговорен за зголемување на максималната брзина и севкупен моторен перформанс на авионот за краток период. Сите овие надоградби биле исклучително значајни и овозможувале голема предност во битките во 1943 година, кога „Ki-84“ влегол во сериско производство. Но, ништо од наведеното не би било ефективно доколку авионот немал добар мотор. Движечката моќ било создадена од моторот „Ha-45 Homare“ кој бил произведен од „Nakajima“. Дизајнот на моторот бил „ѕвезда“ со 18 цилиндри, 35-литарски капацитет и принцип на воздушно ладење. Тој бил успешно тестиран во воздушни битки уште во 1941 година. Имал етикета како многу ригиден и способен мотор, тежок за уништување со капацитет за развивање на голема брзина. Перформансите на „Ki-84“ биле директна последица од карактеристиките на моторот. Воздухопловот бил дури и произведуван со различни варијанти од моторот. Тој бил придвужуван од „модел 21“ кој користел карбуратор, и „модел 23“ кој користел директно вбризгување на горивото. Со цел зголемување на максималната брзина и перформанс на моторот, воздухопловот користел и водно вбризгување кое го потикнувало компресорот (турбо) на зголемен придонес кој ,пак, овозможувал генерирање на дополнителни коњски



| Главни карактеристики на „Nakajima Ki-84 Hayate” | |
|---|---|
| **Посада** | 1 |
| **Должина** | 9,92 метри |
| **Распон на крилата** | 11,23 метри |
| **Мотор** | Еден „ѕвезда“ мотор „Nakajima Homare Model Ha-45-21“ со воздушно ладење на 18 цилиндри кои биле способни да развијат 2041 коњски сили. |
| **Максимална брзина** | 687 километри на час |
| **Опсег на оперативно летање** | 2168 километри |
| **Максимална висина на летање** | 11826 метри |
| **Вооружување** | Два митралези со калибар од 12,7 милиметри со по 350 парчиња муниција;<br>Два топа со калибар од 20 милиметри со по 150 парчиња муниција;<br>Носивост на две бомби од по 250 килограми и два надворешни резервоари за гориво од по 200 литри. |

сили, правејќи мотор со способност за развивање на 2000 коњски сили при полетување. Оваа комбинација била најзаслужна за зголемување на брзината за достигнување на оперативна висина, а со тоа етаблирање на воздухопловот како повеќе од достоен противник на најсовремените сојузнички ловци. Сите овие предности и импресивни карактеристики, не биле без пречки. Имено, моторот имал комплексна градба, а неговото одржување било комплицирано, особено кога сојузничките сили ги окупирале островите лоцирани во непосредна близина на главното јапонско копно. Тоа овозможило сојузничките сили да воспостават поморска блокада, а со тоа спречувале и увоз на стратешко клучни матеирјали за јапонската воена индустрија. Како резултат од наведените сојузнички активности, набавката на тркалата за слетување било исклучително тешка. Не само тоа, туку и нивната изработка била на ниско ниво, особено при крајот на војната. Постојаните сојузнички бомбардирање предизвикувале пад на квалитетот на изработката, но и пристап на стратешки ресурси. Како последен недостаток на авионот, бил недостатокот на соодветно тренирани пилоти. Овој сегмент би можело да се каже дека бил застапен и на европското тло, па така и не е многу чудно. При крајот на војната Германија и Јапонија се соочувале со очајни обиди



да генерираат соодветно тренирани и образовани човечки капацитети. Но, покрај сите пречки, „Ki-84“ претставувал сериозна закана за сојузничките пилоти. Тој бил меѓу првите воздухоплови кои биле способни да достигнат оперативна висина, иста со онаа на „B-29“. „B-29“ бил американски стратешки бомбардер, најсовремен за време на Втората светска војна со способност да извршува оперативни и борбени дејства од најголема висина. Пречките и проблемите на „Ki-84“ биле решени на практичен начин. Комплицираноста за одржување на моторот била решена од страна на пилотите на терен, со учење на недостатоците и изнаоѓање на импровизирани решенија. Без оглед на сите околности, „Ki-84“ бил најбрзиот јапонски ловец. Биле произведени над 3500 примероци.

**Варијанти**

Воздухопловите „Nakajima Ki-84 Hayate” се замислени варијанти кои не стигнале во фаза повеќе од дизајнерски нацрт. Подолу ќе ги спомeнеме само варијантите кои биле во активно сериско производство за време на Втората светска војна.

**„Ki-84-I Ko”**

Најпроизведувана варијанта која била со вооружување од два митразлези со калибар од 12,7 милиметри, лоцирани во носниот дел на авионот и два топа со калибар од 20 милиметри лоцирани во крилата.

**„Ki-84-II”**

Оваа варијанта била модифицирана во поглед на изградба на елементи, особено во делот на опашката, како и врвовите на крилата и летачките контролни делови од воздушната конструкција. Тие делови биле заменети со дуралумин кој значително ги подобрувал карактеристиките на авионот.

Димитар Даневски





# Самооде

Системот се развивал со текот на годините, а со тоа покрај карактеристиките и можностите се менува и неговиот дизајн. Во текот на 2018 година сѐ помасовно се произведува најновата верзија на системот позната како 9А52-4 „Торнадо“. Самиот концепт е развиен од воената индустрија „СПЛАВ“ – Русија, која била водечка воена индустрија за производство на повеќецевни лансирни системи. Називот - кратенката „БМ“ доаѓа од рускиот јазик „боевая машина“, што во превод значи „борбено возило - средство“. Во основа системот се состои од 12 цевки со калибар од 300 мм кои се монтирани на возила од типот: MAZ-79111(9А52), MAZ-543M (9А52-2), KAMAZ -6350. Кабината на возилото е заштитена од разни дејства како: нулеарно, хемиско и биолошко. БМ-30 користи разни типови на ракети со калибар од 300 мм. Тежината на една ракета достигнува и до 800 килограми. Боевата глава, во зависност од типот, тежи од 240 до 260 килограми. 12 ракети од системот може да се истрелат за 38 секунди на растојание од 20 до 120 километри. Потребно време за полнење на 12 ракети во системот е 20 минути. Останатите ракети се транспортираат на возило од типот ZM 9Т234-2. Ефикасноста и импресивноста на овој систем е неговата прецизност и ефикасност и површината на покривање со оган по целта која има димензии 820х820 метри (12 ракети истрелани од еден систем би паднале на цел со спомeнатите димензии). Оддалеченоста на границата на зоната на сигурност е различна на различни далечини на гаѓање, а се определува во однос на: големината на растурање на погодоци по далечина и правец; начинот



Повеќецевниот фрлач на ракети БМ-30 „СМЕРЧ“ е проектиран во поранешниот Советски Сојуз. Дизајниран е на почетокот на 1980 година, а воведен е во Советската армија во доцните 1980-ти години. Во тоа време истиот бил прв повеќецевен фрлач на ракети од голем калибар и со такви карактеристики во однос на останатите орудија и системи во светот

# н повеќецевен ракетен лансирен систем БМ-30 „СМЕРЧ“

на подготовка на почетните елементи за гаѓање; степенот на заштитеност на сопствените сили; далечината на летот на убиствените парчиња од ракетите. Лансирниот уред е наменет за истрелување и насочување на ракетите во саканиот правец кон реонот на целите. Лансирниот уред остварува режим на рафална и единечна стрелба.Секоја лансирна цевка се состои од: цевка на механизмот за истрелување, механизам за забравување и контактор. Лансирните цевки се изработени од специјален челик. Сите цевки се потполно еднакви по изглед, должина и тежина, а по функција се независни и постои можност за замена на поединечни цевки. Внатрешната површина на цевката е хромирана за да се заштити од корозија и полесно да се одржува. Во задниот внатрешен дел на цевката, во отворите на бравата за забравување на ракетата се наоѓа коса површина на која се потпира бравата и спречува ракетата да се врати назад. За гаѓање со самоодниот повеќецевен ракетен лансирен систем БМ-30 се употребуваат ракети со калибар 300 мм кои се прикажани во делот на ТТ-карактеристиките на системот. Ракетите имаат сигурно дејство на температура од -30 до +45°C. БМ-30 се користи во актуелната Руско-украинска војна. Повеќе земји во своите армиски состави го поседуваат БМ-30 во различни варијанти. Ќе ги издвоиле следниве: Азербејџан (30), Алжир (18), Ерменија (2), Белорусија (36), Венецуела (12), Грузија (3), Индија (42), Казахстан (6), Кувајт (27), Перу (10), Обединетите Арапски Емирати (6), Русија (100), Туркменистан (6), Украина (40).

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БМ-30 „СМЕРЧ“ | | |
|---|---|---|
| Калибар на цевката | 300 mm | |
| Начин на полнење | Рачно, со помош на м/в со кран TZM 9T234-2 | |
| Број на цевки | 12 | |
| Дострел | 20 km (минимален)<br>70 km (максимален)<br>120 km со ракета 9М542 | |
| Муниција | 9М55К – касетна муниција<br>9М55К1 – касетна муниција (самонаведувана-противтенковска)<br>9М55К4– касетна муниција (противтенковска)<br>9М55С - термобарична<br>9М528 – моментно-фугасна<br>9М542– моментно-фугасна (прецизно наведувана) | |
| Површина која може да ја покрие при оган за ефект со 12 ракети | 672 000 m² | |
| Тежина во борбена положба | 43 700 kg | |
| Должина во маршевска положба | 12370 mm (9А52)<br>12100 mm (9А52-2) | |
| Ширина во маршевска положба | 3050 mm | |
| Висина во маршевска положба | 3070 mm | |
| Послуга | 4 | |
| Вертикално поле на дејство | од 0 до +55 степени | |
| Сигурносно дејство на ракетата | од - 30 до + 45 степени | |
| Потребно време за премин од маршевска во борбена положба (без полнење на лансерот) | 3 минути | |
| Брзина на движење | на асвалтен пат | до 60 km/h |
| | теренски услови | од 30 до 50 km/h |
| Автономија на м/в | 900 km | |
| Тип на мотор | Лансерот е монтиран на м/в од типовите MAZ-79111 (9А52)<br>MAZ-543M (9А52-2)<br>KAMAZ -6350 | |
| Тип на мотор | V-12 дизел D12A-525A | |



# Преклопен нож „Бак 110“ Едноставно совршен нож

Добриот нож на преклоп е од суштинско значење за секого што поминува многу време на отворено, како и за многу луѓе кои го користат како секојдневна алатка. Планинари, ловци, риболовци, шумарски работници, војници и луѓе љубители на природата од секаков вид носат нож на преклоп некаде во нивниот џеб или ранец. На многумина од нив тешко им е да замислат да излезат во природа без квалитетен нож

Преклопните ножеви постојат многу долго време, најмалку 2.500 години. Најстариот познат пример е пронајден на локација од железното време во Австрија која датира од 5 или 6 век пред нашата ера. Тие се користеле во Шпанија еден или два века потоа, а до времето на Римската Империја, тие дефинитивно не биле ретки. Ножевите на преклоп им биле познати и на викинзите, а во текот на целиот среден век, луѓето, често најобразованите и најписмените во општеството, ги носеле. Проблемот бил што сите овие ножеви имале сечило и рачка поврзани со едноставна нитна. Ако се нанесувала сила под погрешен агол, немало ништо да го спречи сечилото да се преклопи во раката. Тоа е многу непријатно искуство, а ако се употребувала многу сила, а ножот бил остар, можел да ги отсече прстите на корисникот. Тоа бил мошне голем безбедносен недостаток и значело дека преклопните ножеви се сметале за погодни само за лесна работа. Всушност, во средниот век и до викторијанскиот период, она за што најчесто се користеле било острење на пера и моливи за пишување. Очигледно, постоела побарувачка за нож на преклоп кој можел да извршува потешки задачи, а првиот чекор кон тоа бил развојот на задните пружини во Англија од 17 век. Првите вистински брави се појавиле во Шпанија на почетокот на 18 век, користејќи испусти на задната пружина што фаќале засеци направени во сечилото. Сепак, тие не биле многу сигурни, но тоа засекогаш се сменило во 1963 година. Компанијата „Buck Knives“ не го измислиле механизмот за заклучување на крајот на дршката, но тие биле првите што го направиле доволно цврст што ножот на преклоп можел безбедно да се користи за тешки задачи за сечење. Резултатот бил „Buck 110“, кој бил претставен во продавниците за оружје и опрема во САД во 1963 година. Продаван на пазарот како „ловечки нож на преклоп“, бил првиот модерен нож на преклоп кој ја револуционизирал индустријата за ножеви. За само неколку недели од неговото лансирање, тој станал најпопуларен нож на преклоп во историјата и станал таква икона што многу луѓе го користеле изразот „Buck knife“ како генерички термин за сите



ножеви на преклоп на заклучување. Повеќето модерни ножеви на преклоп можат да го следат своето потекло до овој познат нож. Она што е најимпресивно за „Buck 110“ е тоа што тој сè уште е во производство и едвај е променет во текот на децениите.
Се подразбира дека не изгледа или функционира многу како најмодерните денешни ножеви на преклоп, бидејќи дизајнот и материјалите поминале долг пат од 1963 година, но на својот пат, станал икона на американски дизајн како „Зипо“ запалката или шишето „Кока кола“. Неговиот дизајн е иконски и влијателен, но изгледа груб според современите стандарди. Но, сепак се одржува на пазарот и сè уште се продава како алатка, а не како колекционерски примерок. Линиите на ножот се толку познати, а блескавите месингани зајакнувања и дршките од абонос биле копирани од десетици и десетици производители низ годините токму благодарение на неговата крајна едноставност и способноста да изврши секаков вид на сечење.
Ножот „Бак 110“ бил прв во многу нешта: бил првиот преклопен нож кој бил доволно голем и доволно компетентно направен за да ги издржи и најтешките задачи, бил еден од првите популарни ножеви со брава за заклучување и можеби најважно, тој бил алатка со високи перформанси со прифатлива цена. Тој е еден нож со класичен изглед, кој можеби на прв поглед нема да ве заинтригира, но затоа пак за него се вели дека е еден од најдобрите ножеви, бидејќи тој просто нема мани. Изгледа толку евтино, што кога би бирале од повеќе ножеви, веројатно би поминале со погледот преку него сто пати и сигурно ќе изберете полош нож. Тој изгледа како и пред 60 години, но всушност е легенда. Има фантастична завршна обработка која го издвојува од секој нож на преклоп. А како и не би бил кога има исклучителна историја, традиција и реноме. Еве ја приказната.
Ножевите „Бак“ (Buck) датираат наназад веќе 120 години, кога првиот нож го направил Хојт Х. Бак, кој станал ковач-приправник во Канзас во 1899 година како десетгодишник. Во текот на своето усовршување Хојт научил да прави ножеви во 1902 година, кога имал само 13 години. Тој развил метод за обработка со топење на челик во калапи за рабовите на сечивата да ја ја задржат острината во текот на подолгата употреба на ножевите. Хојт Бак го напуштил Канзас во 1907 година и се приклучил на Морнарицата на САД. Никој не го познавал како мајстор за изработка на ножеви сè до 1941 година додека не престојувал во Ајдахо после нападот на Перл Харбор. Хојт секој нож го изработувал рачно, употребувајќи дотраени турпии како суровина. Овие рани ножеви се нарекувани „четири удари“ од страна на колекционерите, бидејќи секоја буква од презимето „BUCK“ ја удирал со посебен печат за секоја буква. Со влегувањето на САД во Втората светска војна, владата барала од јавноста донации на ножеви потребни за вооружување на армијата. После донациите немало доволно ножеви за војниците на  кои им биле потребни, па Хојт купил наковална, чекан и брусилка за да основа ковачница во подрумот на една црква и почнал со изработка на ножеви за американската војска. Хојт подоцна објаснил дека немал да понуди ножеви, но знаел како да ги направи.
По Втората светска војна, Хојт и неговиот син Ал се преселиле во Сан Диего и ја основале продавницата „HH Buck & Son” во 1947 година. Првите ножеви ги изработувале рачно и биле поскапи од типичните, масовно произведувани ножеви. Хојт Бак



изработувал 25 ножеви неделно сè до својата смрт во 1949 година. Неговиот син Ал го одржувал бизнисот сè до 1961 година, кога ја трансформирал компанијата во „Buck Knives, Inc.“ Во 1963 година, Ал Бак одлучил дека револуционерен нож со сечило на заклучување е потребен на луѓето кои ја сакаат природата и сакале цврст нож, но не сакале да носат долг нож со фиксно сечило. Тој бил во право и резултатот се покажал клучен за иднината на компанијата. Предизвикот бил да се комбинираат предностите на другите преклопни ножеви со механизмите за заклучување во сигурен нож со добар изглед. Тоа не било лесно, но по низа подобрувања, моделот 110 бил претставен и во рок од шест месеци, станал еден од најзначајните ножеви во индустријата. Ножот има механизам што го заклучува сечилото во отворена положба, што се активира со отворање на сечилото до крај. Бравата на задниот дел на ножот во форма на лента е делумно видлива на врвот на ножот. Отворањето на сечилото предизвикува лентата да го закочи сечилото, така што останува отворен. Притискањето на лентата на рачката го ослободува сечилото и му овозможува на корисникот да го затвори ножот. Заклучувањето бара затворање со две раце. Компанијата „Buck Knives“ е лидер на пазарот во задржување на рабовите на сечилата, благодарение на изборот на челик и процесот на термичка обработка. Секое сечило се става низ ригорозен процес на термичка обработка и тест за квалитет. Потоа се зацврстува до соодветната цврстина на роквел преку систем за загревање, замрзнување и повторно загревање. Ова им дава подолг работен век на рабовите, лесно острење и сечило што нема да изневери.

Моделот 110 значително го„ размрдал“ светот на ножевите. Тој бил преклопен нож кој бил речиси цврст како фиксен нож и бил доволно голем за да се справи со речиси секоја вообичаена задача, но преклопен доволно мал за да може да се носи насекаде. Ножот „Бак“ модел „110“ има сечило со остар врв, долго 9,5 сантиметри, изработен од нерѓосувачки челик 420ХЦ. Сигурно се заклучува во отворена положба со дизајн на бравата на задниот дел. Рачката е од абоносово дрво, а зајакнувањата се направени од цврст месинг. Се преклопува на пригодна должина од 12,4 cm и доаѓа со футрола од вистинска кожа за да може да се носи на ремен. Ножот бил дизајниран како ловечки, но е совршен за секоја задача за која е потребен голем нож на преклоп. Овој нож бил еден од првите ножеви на преклоп кој се сметал за доволно силен да изврши и најтешки задачи токму поради механизмот за заклучување. Сечилото се отвора прилично лесно, со мал до никаков отпор. Откако е целосно отворен, се заклучува на своето место и во тој момент, ножот е цврст како фиксен. Од своето деби, предизвикал вистинска револуција кај ловечките ножеви и бргу станал еден од најпопуларните ножеви направени некогаш. Неговиот дизајн е еден од најмногу имитираните ножеви и модел кој се користи како образец за изработка на други ножеви во светот. Нема сомнеж дека компанијата „Бак“ од самото нејзиното основање е камен-темелник на модерната индустрија за ножеви. Зад компанијата се 120 години, а Хојт Бак секако би бил горд на своето семејство. Тој сакал да направи подобри ножеви, што тој и неговите наследници успеале да го направат. Од скромните почетоци израсна голема компанија чии производи се познати низ целиот свет. Компанијата „Buck Knives“ моментално е една од најголемите производители на ножеви во светот. Околу половина милион ножеви од различни серии моментално ја напуштаат фабриката и се многу популарни кај ловците, ентузијастите на отворено и колекционерите. Ножот Бак 110 е класика. И иако не може да се негира дека старее, тоа го прави грациозно. Можеби не е лесен како поновите ножеви, а челикот можеби и не е најквалитетен, но ова е нож кој е дизајниран да се извади во шумата и бегрижно да се користи. „Бак 110“ е легенда што секој современ корисник на нож треба да ја доживее. Името „Бак“ стана синоним за преклопен нож со заклучување, односно со механизам за заклучување на задниот дел од сечилото. Со иновации, ексклузивни модели, соработка со други компании и внатрешниот порив постојано да се измислува нешто ново, „Buck Knives“ покажуваат една работа, пред сè: „Бак“ е повеќе од обичен нож.

Александар Стојчевски







# Неконтролирана трка за развој на вештачката интелигенција

Американскиот претседател Џо Бајден и заменик-претседателката, Камала Харис, се состанаа со главните извршни директори кои се на чело на напредната технолошка индустрија, со цел да се креираат мерки за справување со ризиците од неконтролираниот развој на непроверена вештачка интелигенција.

Во изјавата од американската влада објавена пред состанокот со водачите на „Гугл“, „Мајкрософт“ и „ОпенВИ“ (компанијата која стои зад ChatGPT), беше соопштено дека дека фирмите кои ја развиваат технологијата имаат основна одговорност да овозможат нивните производи да бидат безбедни пред да бидат достапни за употреба, со оглед на тоа дека ако на вештачката интелигенција ѝ биде дозволено да се развие непроверено, нејзината примена од страна на приватните претпријатија би можела да ги загрози работните места, да го зголеми ризикот од измама и да ја наруши приватноста на податоците.

Во изјавата за јавноста објавена по состанокот со извршните директори, заменик-претседателката Камала Харис потенцираше дека технолошкиот напредок отсекогаш носел и можни ризици и дека на извршните директори на состанокот им било предочено дека приватниот сектор има „етичка, морална и правна одговорност да се грижат за општата безбедност и безбедноста на нивните производи”.

Американската влада, исто така, објави дека ќе инвестира 140 милиони американски долари во седум нови национални институти за истражување на вештачката интелигенција за да го поддржи напредокот на истата. Инаку, во развојот на вештачката интелигенција во моментов доминира приватниот сектор, при што технолошката индустрија произвела 32 значајни машински модели минатата година, во споредба со само три модели кои биле проозведени од академијата. Водечките програмери на вештачката интелигенција се согласија нивните системи да бидат јавно оценети во рамките на овогодинешната конференција за сајбер-безбедност „Defcon 31“. Меѓу компаниите кои се согласија на ова се „OpenAI“, „Google“, „Microsoft“ и „Stability AI“.

Минатиот октомври (2022 г.) Белата куќа објави план за донесување на закон за правата на вештачката интелигенција, со кој ќе се регулираат многу прашања поврзани со вештачката интелигенција и нејзината употреба.

Роберт Вајсман, претседателот на Асоцијацијата за правата на потрошувачите, го пофали соопштението на Белата куќа како „корисен чекор”, но рече дека е потребна уште поагресивна акција за законско врамување на сите можни ризици и предизвици. Вајсман изјавил дека ова треба да вклучува мораториум за распоредување на нови генеративни технологии на вештачката интелигенција.

„Во овој момент, големите технолошки компании и нивните врвни програмери за вештачка интелигенција треба да бидат целосно свесни и подготвени за справување со ризиците кои ги носи со себе несоодветната употреба на вештачката интелигенција. Треба да се нагласи дека во конкурентна трка за вооружување, водени од профит, лесно може да се случи да не може да се запре несоодветниот развој и имплементација на вештачката интелигенција во најразлични области и сектори и затоа, пред сѐ, потребна е добра законска регулатива која ја третира оваа проблематика, изјавил Вајсман.

м-р Зорица Стојковска



# Предуслови за формирање аероклуб во Скопје

Еден век или сто години активно постоење на аероклуб во Скопје. Историја и традиција на најмалку професионализираната граѓанска организација, со најголем број насочени или изградени професионални воздухопловни кадри за потребите на институциите на државите во кои припаѓал и припаѓа

На прв поглед можеби насловот на овој напис асоцира на невообичаена сторија за овој магазин, односно списание на Министерство за одбрана, но само за оние кои не ги познаваат основите за формирање и севкупните аероклупски активности. И кога се зборува за некаква историја, посебно на балканскиот простор, таа е секогаш поврзана со некакви локални, регионални, балкански или светски војни. Еден од предвесниците на војните во најава на овие простори, двете балкански и Првата светска војна, било и носењето на првиот аероплан во Скопје. Аеропланот бил купен од тогашната големосрпска кралска држава, со цел да се лоцира на просторот помеѓу Прилеп и Битола, познат како Канатларци и од таму да се извршуваат летови со цел извидување на движењето на воените сили во околните држави. Авионот бил од типот „Дукс", произведен во тогашното Руско Царство, а со него биле изнајмени и пилотот Агафов и механичарот Саваљев. Аеропланот, со железнички транспорт, бил донесен до Велес, но поради низа околности истиот бил вратен во Скопје каде, во текот на ноември 1912 г., летнувајќи од аеродромот на Зајчев Рид биле направени првите летови. Ова биле први аеропланcки летови пред очите на месното население во Скопје и околината, со кои тие се увериле во чудотворно конструираните летачки птици. Но, некоја година подоцна, со започнувањето на балканските војни, тие се увериле и во нивната пеколна моќ.

Веќе во мај 1916 г., на овие простори се создадени мешовити српско-француски ескадрили кои во 1918 г. се реорганизирани во нови единици, групирани во две армиски ескадрили. Првата ескадрила располагала со 12 аероплани од типот „АР 1" и три аероплани ловци од типот „Њепор XXIV". Втората ескадрила била лоцирана во Вербени (во соседна Грција) и располагала со свои аероплани и околу 500 офицери, подофицери, механичари и низа други. Сите тие учествувале при пробивот на историскиот Солунски фронт, на кој се употребени околу 40 авиони, меѓу кои и

модерните извидувачи и бомбардери од типот Бреге XIV, како и ловечките авиони од типот „Спад VI“. Во тој пробив, еден дел од авијацијата извршувала задачи од областа на извидувањето, воздушно фотографирање и бомбардирање противничките објекти. Другиот дел, ловечката авијација, ги обезбедувала дејствата на извидничките и бомбардерските групи аероплани, а воедно правела и заштита на сопствените сили од воздух. Во тие воздушни борби, тогашното наше воздухопловство соборило 30 германски и бугарски авиони, а противавионската артилерија соборила пет непријателски авиони.

После тогашното ослободување на Скопје, во првите денови на октомври 1918 г., сите борбени ескадрили и авијатичарски служби биле вратени и собрани во Скопје. Според некои историски белешки, само на Солунскиот фронт се реализирани над 3000 летови за воени цели. Во ноември истата година авионите од Скопје се пренесени во Ниш, а од таму и во Нови Сад. На 1 декември 1918 г. создаден е првиот облик на југословенска држава, именувана како Кралство СХС, во чиј состав, под различни имиња, влегувала и македонската територија.

Со вакви преструктурирања и воени формации се одвивале и воздушните активности на воздухопловните сили на овие простори, во периодот од 1914 до 1918 г., за време на траењето на Првата светска војна.

Во текот на мај 1919 г., дотогаш формираната Аеропланска ескадрила била преименувана во Воздухопловна команда. Според новата военотериторијална поделба, биле формирани четири обласни воздухопловни команди, со седишта во Нови Сад, Загреб, Скопје и Сараево, како и две аеропланскиодделенија со центри во Љубљана и во Мостар. Кон крајот на 1920 г. биле формирани и две нови ескадрили со седишта во Скопје и Подгорица. За таа цел бил објавен конкурс за прием на триесет кандидати за офицерска обука за воздухопловна служба.

После накусо изнесените историски авијатичарски случувања на овие наши простори, тие добиваат и нови содржини. Се објавувале нови конкурси за оспособување на такви кадри, а наспроти тоа биле изоставани кадрите кои биле демобилизирани, а учествувале во дотогашните воени воздухопловни битки. И тука некаде, започнува да се развива нов идеен пат кој водел кон поширока едукација на населението, како и кон создавање нови авијатичари, но со поинаков приод. Тој нов приод претпоставувал организација и етаблирање на авијатичарски



клуб именуван како аероклуб. Првенци во неговото создавање биле посочените демобилизирани и резервни авијатичари, главно учесници на Солунскиот фронт. Тие, во текот на 1921 г. во Белград, ја осмислиле идејата за формирање на аероклуб во тогашната кралска држава, а наредната година ја реализирале со официјална регистрација на аероклуб. Според првичната поставеност, во него можеле да членуваат и да ги разменуваат своите лични искуства токму таквите авијатичари. Како дополнување на идејата била и замислата таа да се прошири со формирање на вакви клубови и во другите региони, односно градови низ државата.

Кон крајот на 1923 г., според истиот принцип е формиран и аероклуб во Скопје. Во градот и на просторот на кој граѓаните веќе имале сознанија за авијатиката и аеропланите. Сите тие клубови носеле првичен наслов „Аероклуб на Кралството СХС“, со дознака на местото во кое се наоѓал. Подоцна, со менувањето на името на државата, се променило и единственото име на клубот во Кралски југословенски аероклуб „Нашите крила“ (орг. Краљевски Југословенски Аеро – Клуб „Наша Крила“), повторно со дополнување на местото на регистрација.

Оттука започнува испреплетеата историја, организација, соработки и активности на аероклубот во Скопје. Во таа негова 100-годишна, безмалку, непрекината традиција, се вградени и голем дел од воените воздухопловни активности. Парцијално, директно или индиректно, тој бил поврзан и со развојот на воено воздухопловство на овие простори, соодветно на просторот и времето на случувањето. Од тие причини, оваа 100-годишна аероклупска сага, заслужува страници и во оваа посебна македонска публикација, сегментирани во неколку историски периоди.

Ѓорги Чачкиров






# Музеј на морнаричката авијација на Обединетото Кралство

Во крајниот јужен дел на Обединетото Кралство, западно од главниот град Лондон, во градот Сомерсет е сместен музејот кој го има посветено своето постоење на зачувување на историјата и продолжување на наследството на морнаричката авијација на Обединетото Кралство

Музејот на морнаричката авијација на Обединетото Кралство е отворен за јавноста од 1964 година од страна на принцот Филип, сопругот на кралицата Елизабета II. До денес Музејот на морнаричката авијација неколкупати е обновуван и му е зголемуван капацитетот, како и понудата на експонати и атракции. Во музејот се изложени повеќе од 100 воздухоплови од кои 21 се единствени преостанати примероци, а некои од нив се стари повеќе од 100 години.

Музејот е поделен во 4 целини – изложбени хали. На самиот влез од музејот ве дочекува продавница за сувенири, по што следи појаснување за распоредот на експонатите по халите. Во коридорот помеѓу халите поставени се интерактивни точки каде посетителите низ интересен и интерактивен начин може да го видат системот на истрелување на куршуми низ елисите кај клипните воздухоплови од Првата светска војна, влијанието на аеродинамиката при летот итн. Првата изложбена хала го претставува растот на морнаричката авијација на Обединетото Кралство од раните денови на авијацијата кога доминираа дирижабли, балони и двокрилни авиони направени од дрво и платно, па сè до денешните модерни воздухоплови. Карактеристичен авион од почетоците на морнаричката авијација кој доминира во оваа хала е „Short S.27", кој е прв користен авион за полетување од брод во движење во 1912 година. Првиот хидроавион кој бил во употреба во морнаричката авијација на Обединетото Кралство, авионот „Sopwith Baby", исто така е изложен



во оваа хала. Други воздухоплови кои се изложени во оваа хала се: авионите „Short 184”, „Supermarine Wairus”, хеликоптерите „Westland Dragonfly“, „Westland Lynx“, „Westland Wessex“ и „Westland Seaking“ во кој може да се влезе во внатрешноста на товарниот дел. Втората светска војна и авијацијата е тематската целина која ја покрива изложбената хала два од Музејот на морнаричката авијација на Обединетото Кралство. На почетокот на оваа хала наидувате на двокрилниот торпеден бомбардер „Fairey Swordfish” и прикажан пресек на торпедо користено во тој период. Веднаш потоа следува единствениот останат примерок од извидничкиот авион „Fairy Fulmar “. Во овој дел е прикажан и американскиот тренажен авион „North American Harvard”, користен од страна на морнаричката авијација на Обединетото Кралство. Следен е „Grumman Martlet“, кој всушност е „Grumman F4F Wildcat“, но Британците го именуваат како „мартлет“. Во оваа хала се изложени и „Grumman Hellcat”, „Supermarine Seafire”, „Hawker Sea Fury”, „Grumman Avenger”, „Yokosuka MXY7 Ohka” , „MiG 15” ,„Westland Dragonfly” . Во овој дел е изложен и авионот „De Havilland Sea Vampire I“, кој на 3 декември 1945 година станал првиот авион на млазен погон кој слетал на носач на авиони. Во халата број два, покрај воздухопловите изложени се и делови од авиомотори од различен тип, делови од опрема, кабина од „Sea Vampire” во кој посетителите може да влезат. Особено интересна за разгледување е колекцијата на писма кои ги пишувале камиказите пред нивниот последен лет. Халата број три од музејот е се само не стандардна изложбена хала, целиот простор во оваа хала е искористен и е направена верна реплика на палубата т.е. полетувачко-слетувачка писта од носачот на авиони „HMS Ark Royal“. Оваа поставка е обновена и пуштена за посета во 2022 година и е главната атракција која привлекува голем број на посетители. Самиот влез во халата број три е симулација на лет со хеликоптер „Wessex“. После влезот во третата хала веднаш го уочувате „Blackburn Buccaneer“ и „Fairey Gannet“. Покрај нив, во овој дел се изложени и „De Havilland Sea Vixen”, „Hawker Siddeley Buccaneer”, „Supermarine Attacker”, „Harrier“ и други. Особено интересна е симулацијата на активностите кои се одвиваат на носачот за време на полетувањето на авионот од носачот на авион. За оваа симулација го користат изложениот „McDonnell Douglas Phantom“. Покрај изложените авиони во дел од халата се прикажани и делови од командниот мост на носачот на авиони, оперативната сала, соба за подготовка на пилотите итн. Во некои делови од музејот во замена на информативни табли се користат холограмски прикази на припадници на носачот на авиони кои објаснуваат за одредени точки како функционирале во перидот на активна употреба на носачот.

Во халата број четири се изложени „BAC 221“, кој е користен како авион за тестирање при развојот на суперсоничниот патнички авион „Concorde“. Веднаш покрај него изложен е и „Concorde“, кој всушност е вториот кој полетал. Други летала кои се во овој дел се: „Sea Harrier“, репродукција на „Bristol Scout D“, „Handley Page HP.115“, „Hawker Siddeley“, „Westland Sea King“, „Westland Lynx HAS.3“ и други. Покрај овие хали има и хангар посветен за реставрација.

Билетите за посета на музејот може да ги купите преку интернет-онлајн или на влезот во музејот. Доколку ги порачате преку интернет истите се за 4£ пониски, така што за возрасен посетител билетот преку интернет може да го набавите за 15£, додека доколку истиот билет го купите на влезот од музејот ќе ви изнесува 19£. Воедно, билетите се со важност од една година. Работното време на музејот е од 10.00 часот до 16.30 од среда до недела. За обиколка на сите поставки кои се изложени во музејот во просек е потребно повеќе од три часа.



Златко Блажески

## Државен натпревар во гаѓање со пиштол

На 10 јуни 2023 г., во согласност со програмата за обука на ОРОРСМ за 2023 г. на стрелиштето на Армијата „Долно Оризари" и касарната во Велес се одржа државен натпревар во гаѓање со пиштол 7,62 мм на кој учествуваа 100 резервни офицери и подофицери од сите 26 основни организациони единици, како и претставнички на Секцијата на резервни офицери-жени. На стотината учесници на натпреварот им се обрати и ги поздрави командантот на КОД, полковник Васко Коколански, кој истакна дека подолго време е запознат со Организацијата и нејзините активности кои придонесуваат за зголемување на нивото во обуката на резервните офицери но, исто така, многу значајно е тоа што со овие активности имаат можност за меѓусебно запознавање и спријателување, што во одредени ситуации може да биде од голема важност. Тој, воедно, им посака успешен и безбеден тек на натпреварот. Раководител на натпреварот беше капетанот Јасмин Браховиќ, а негов помошник потпоручникот Јасмина Наунова. Капетанот Јасмин Браховиќ ги запозна натпреварувачите со безбедносните мерки на стрелиштето, како и со неопходните постапки при гаѓањето како предуслов за остварување добри резултати.
По завршувањето на натпреварот и сумирањето на резултатите во екипен пласман, првото место го освои Кичево, второто Скопје и третото Виница, додека поединечно првото место го освои Живко Ѓорѓиоски од Кичево, второто Рубин Секулоски од Прилеп и третото Александар Томески од Кичево. Во женска конкуренција првото место го



освои Гордана Јањиќ од Скопје, второто, Елизабета Георгиева од Виница и третото, Елена Којунџиева од Гевгелија. Признанијата за освоени прво, второ и трето место поединечно во машка и во женска конкуренција ги врачи командантот на КОД, полковник Васко Коколански, додека признанијата за освоени прво, второ и трето место екипно, ги врачи претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев.

## Потпишан уште еден Меморандум за соработка

На 11 јули 2023 г., во седиштето на ОРОРСМ се потпиша Меморандум за соработка помеѓу Организацијата на резервни офицери и Филозофскиот факултет од Скопје при УКИМ. Меморандумот го потпишаа претседателот на ОРОРСМ д-р Гоце Георгиев и деканот на Филозофскиот факултет проф. д-р Ратко Дуев. На чинот на потпишување на Меморандумот присуствуваа и генералниот секретар на ОРОРСМ, Никица Бангиева, претставникот на Министерството за одбрана во Собранието на ОРОРСМ и член на Извршниот одбор, м-р Здраво Јаковлевски, претседателот на Комисијата за информативно-промотивна и издавачка дејност, д-р Жанет Ристоска, раководителот на Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет, проф. д-р Тања Милошевска и продеканот за настава при Филозофскиот факултет, проф. д-р Оливер Бакрески. На овој настан претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев, истакна дека за него е особена чест и гордост да го потпише првиот Меморандум за соработка со високообразовна институција, во случајов Филозофскиот факултет, на кој на Институтот за безбедност, одбрана и мир има дипломирано и магистрирано и самиот тој. Деканот, проф. д-р Ратко Дуев, изрази големо задоволство од потпишувањето на Меморандумот, бидејќи голем дел од членовите на Организацијата се поранешни студенти (алумни) од овој факултет, особено што со потпишувањето на Меморандумот студентите ќе бидат вклучени во активностите на ОРОРСМ на домашен и на меѓународен план и дека како факултет ќе дадат професионална и институционална поддршка.



## Летен конгрес на CIOR/CIOMR/CISOR

На Летниот конгрес-23 на CIOR/ CIOMR/ CISOR кој се одржа во периодот 25 јуни до 1 јули 2023 во Хелсинки, Финска, ОРОРСМ учествуваше онлајн со двајца претставници, Никица Бангиева, генерален секретар на Организацијата и доктор Илија Глигоров, претседател на Секцијата на резервни офицери медицинари.
Летниот конгрес заврши успешно и ги постигна своите цели. Претставниците на ОРОРСМ ги следеа настаните преку зум-платформата и преку директна комуникација со раководствата на споменатите организации. Никица Бангиева учествуваше во работата на Комитетот за одбрана и безбедност на CIOR, каде што во согласност со насоките на Меѓузимскиот состанок се инкорпорира Комитетот за надворешна соработка. Значајно е да се напомене дека преструктуирање се направи и на другите комитети на CIOR, со цел поефикасна работа и рационално користење на финансиските



средства. Доктор Илија Глигоров ја следеше работата на CIOMR, на која се постигнати многу позитивни резултати коишто покажуваат дека организациите напредуваат посилно и подинамично. Извршниот одбор на CIOMR реши многу оперативни и трансформациски задачи и ги направи редовните промени на клучните позиции и одлучи да се формира нов комитет, Global Health Committee, кој ќе се фокусира за глобалното здравје, Global Heath Engagement. Исто така, беше потенцирано дека идните активности треба да се насочат кон прославата на 75-годишнината на CIOMR и на Зимскиот меѓусостанок 2024 година.

Тони Мицевски





Фотографија од колекцијата на Ѓорѓи Чачкиров

# Народен херој Круме Волнароски

Круме Ицков-Волнароски, познат како Коле или Коља, македонски партизан, припадник на работничкото и комунистичкото движење меѓу двете светски војни, учесник во НОВ и народен херој на Југославија од Македонија

Круме Волнароски бил роден во 1909 г. во Прилеп. Основно образование завршил со одличен успех. Средното образование исто така го завршил со солиден успех, а особен интерес покажал за математика. Иако сакал да го продолжи своето образование, неговите не му дозволиле и го пратиле да работи како трговец кај трговското семејство Попевци. Воен рок во Вршац Србија, во периодот кога кралот Александар Караѓорѓевиќ на 6 јануари 1929 г. извршил државен удар во Кралството Југославија. Во тој период започнал да размислува на политички план и активно учествувал во изборната кампања. Круме имал одлична соработка со Ченто и тие ги здружиле трговиите. Ченто имал ан, а Круме бакалница. Тогашните локални власти се посомневале дека во анот и бакалницата се собираат антифашисти. По нападот на Германија врз СССР, Круме и Ченто пуштиле проглас на ПК на КПЈ за Македонија низ Прилеп. Тоа било проследено со апсење и тортура. Биле ослободени откако не признале ништо за нивниот политички активизам. Како симпатизер на КПЈ , активно учествувал во собирањето „црвена помош". Станал член на КПЈ во 1941 г. и работел во Партиската техника на МК на КПЈ во Прилеп, а како илегалец во 1942 и 1943 г. во прилепските села собирал народна помош и формирал воени комитети и НОО.

Во неговата куќа имал изградено скривница, каде била формирана помошна техника. Круме имал задача да слуша радиовести, да ги пишува рачно, бидејќи имал убав ракопис и да ги испраќа на печатење. Сите вести на билтенот „Народен глас" од 1942 г. биле од Круме. Во 1943 г. оди по прилепските села и формира народноослободителни одбори. Оваа задача ја завршил со особено голем успех во рок од 3 месеци. Во тој период формирал мрежа на одбори во Коњаријата и Тополчанско и се стекнал со големи симпатии меѓу луѓето. Поради овој успех, станал секретар на ОК на КПМ во периодот на 1943/1944 г. Круме учествувал во Бохомилскиот поход, особено при дејствата во февруари 1944 г. на Првата македонско-косовска ударна бригада. Најголем дел од своето делување го поминал на терен. Круме учествувал во активностите за избор на делегати за Првото заседание на АСНОМ. Ноќта на 8 кон 9 мај 1944 г. Круме и Кире Гаврилоски биле во куќата на Милан Милисавлевски. Во куќата се собрале сите кандидати за првите народни пратеници на Македонија. Таму останале цела ноќ. По вечерниот состанок, утрото делегатите започнале да заминуваат кон своите дотогашни локации, а Гаврилоски и Волнароски останале во куќата каде што бил состанокот. На заминување, еден од овие делегати (Генади Лешко) бил запрен од Вера Ѕвездова, која почнала да се распрашува за престојот на Лешко во градот. Генади Лешко решава да оди кон дуќанот на една од партизанските врски. Таму ја известува врската за настанот со Ѕвездова и предупредува дека можеби ќе дојде до провала. Ова предупредување стигнува до нив и тие одлучуваат да се префрлат во друг стан. Префрлањето никогаш не го реализирале. Бугарската полиција го опколила маалото каде што се наоѓала куќата. Гаврилоски и Волнароски решиле да се борат до крај. Бугарската полиција пак им наредила да се предадат, а во тој момент Круме извикал: „Титовите борци не се предаваат на фашистичките гадови...Да живее слободна Македонија...Да живеат славните партизански бригади". Куќата била запалена, но борците продолжиле храбро да стрелаат од неа и покрај пламенот. Круме, откако сфатил дека во пожарот ќе се сруши кровот, истрчал низ вратата сакајќи да го пробие обрачот, но бил покосен пред самиот праг на куќата. Прогласен е за народен херој на Југославија на 11 октомври 1953 година и во негово име се именувани училишта и улици. Името на народниот херој Круме Волнароски е запишано со златни букви во македонската историја.Тој и неговата херојска борба и смрт се светол патоказ за сегашните и идни македонски генерации .

Антоанела Димитриевска



# На одмор во зандана или во Тајван

Едновековната практика на одмор да се оди на некое егзотично место, најчесто на море и да се лежи на песок, повеќе не е во мода. Сега постојат туристички смерови и дестинации кои се надвор од здрава логика- престојување во затвор, посета на мрачни места, квартови на сиромашни, карпи и логори на смртта, т.н. авантуристички туризам, во кој профитот се мери во стотици милијарди долари

Колку и да изгледа апсурдно, вистина е дека денес нема да предизвикате завист или воодушевеност ако на крајот од летото се пофалите дека на одмор сте биле на Бахами, во Куба, на Сејшелите... Тоа се, според најновите туристички трендови, вообичаени дестинации и за поединци од редот на т.н. средна класа. Впрочем, аранжманите за одмор на монденски места се наредени така што одмор на Ибица или на некоја друга атрактивна дестинација може да си дозволи секој којшто има редовни и пристојни месечни примања. Денес во светот сè се мери и се вреднува доколку одморот сте го поминале и сте се вратиле со беџ на кој пишува „авантуристичка тура“. Со оглед дека таа потврда подразбира една од стотина дестинации, на вас ви преостанува истата да ја документирате од точно одредено место. Оние што ви ја организирале „авантуристиката тура“ се погрижиле така што дома се враќате со комплетна филмувана документација. Едновремено, туристичката индустрија оди чекор понатаму, и денес, на спомнатиот авантуристички туризам, сериозно му конкурира таканаречениот „дарк туризам“. Станува збор за бизарна измислица на западната цивилизација,чија поента е годишниот одмор да се помине на некое место кое што со одмор нема никакава допирна точка. На пример, да одлежите две недели во средновековен затвор во Ирска и да поминете цела „програма“ којашто била пропишана за криминалците во 18 век. Но, да појдеме со ред.

**На одмор во Аушвиц**

Ако до пред некоја деценија



во Аушвиц, најголемиот и најсмртоносниот нацистички логор од Втората светска војна се одело со цел да се учи за такво нешто, никогаш повеќе да не се повтори, денес одењето таму има поинаква цел. Имено, во западните земји постојат туристички организации кои во спомнатото нацистичко стратиште во Полска, водат групи составени од поединци кои се плашат од смртта. Ако дојдете во Аушвиц, водичот раскажува за страдањата на еден милион и сто илјади души и така се ослободуваш од стравот од смртта. Во програмата е задолжително правење на селфи, самосликање со предметите на погубените во логорот. Негативните реакци на јавноста и медиумите на овој вид туризам, влијаеле на туристичките агенции од овој тип, па во програмата смислиле исто така бизарна работа. Имено,секој





поединец кој сака да оди на вадење лешеви во Тајван или на камшикување во Филипини, задолжително, во туристичката агенција треба да приложи образложение издадено од психијатар. Практиката покажала дека во лекарската потврда, најчесто, стои објаснување дека на дотичниот турист му е неопходна токму таква терапија. Поттикнат од новинските написи, новозеландскиот новинар Дејвид Фариер направил документарец за бизарниот туризам. Во секоја од осумте епизоди, тој прикажува туристички дестинации кои инаку немаат никаква врска со туризмот,односно со одморот. Да ја спомнеме само епизодата снимена во Колумбија каде што туристички водич е криминалец од кланот на познатиот наркобос Ескобар. Тој туристите ги води на локации каде што извршил ликвидација на противници или непријатели на неговиот шеф и им го опишува целиот процес на злосторството што го сторил.

**Во шопинг во продавница без врати**

На листата на најпосетени бизарни туристички дестинации, високо место зазема продавницата на „Прада“, која се наоѓа во близина на гратчето Валентине во Тексас и е дело на двајца германски уметници. Тие, Михаел Елгрм и Ингар Драгсет, смислиле продавница во која се изложени само леви машки и женски чевли и чанти. Експонатите се поставени во огромен излог, во објект без влезни врати, така што ќе помислите дека во продавницата нема влегување, но секој што сака може да гледа во излогот. Бизарноста е во тоа што токму таа локција е една од најпознатите туристички атракции во најголемата држава во САД и најпосетена од сите историски и други знаменитости во неа. Во проспектите, во туристичките агенции се потенцира дека како и да не сте биле во Тексас ако не ја посетите продавницата без врати и тоа не го докажете со фотографија пред излогот со леви чевли. На спомнатата листа на најпосетени бизарни дестинции во светот се наоѓа и храмот на бели глувци.Тој се наоѓа во Индија и е посветен на божицата Карни Мата.

Во храмот господски живеат над 20 илјади глувци и годишно тоа чудно светилиште го посетуваат над 100 милиони туристи. Една третина од нив се туристи надвор од Индија, а доаѓаат водени од рекламата дека по посетата на царството на бели глувци ви е загарантирана реинкарнација. Интересно е што Исланд се наоѓа на првото место по профитот од т.н. авантуристички бизнис, но навистина далеку од умот е дека во таа поларна земја се наоѓа еден од најпосетените музеи во светот. Станува збор за Музејот на пениси, сместен во главната улица, во центарот на Рејкјавик. Во него се изложени полните органи на машките примероци на сите животински видови во светот. Некој може ќе рече дека не сте ни биле во Исланд доколку не го посетите спомнатиот музеј и тоа не го документирате со фотографија.

**Плаќаш да одиш во зандана**

Човек што не бил во затвор нема целосно животно искуство, ќе ви речат во секоја поексклузивна туристичка агенција, задолжена за организирање на чудни и настрани туристички дестинации. Притоа, ќе ви посочат таквото искуство да го стекнете доколку го посетите затворот Инверарија во Шкотска. Станува збор за вистински затвор отворен во далечната 1820 година, а двесте години подоцна претворен во туристичка дестинација. Во програмата за таа туристичка авантура е предвиено сè што е правено некогаш за да се заслужи „одморање“ во еден во најстрогите затвори во Шкотска. На располагање се сите видови престапи, арамилак и злосторства, а според тоа е приспособен судски процес, висина на казната, делот во затворот во кој осудениот треба да одлежи. Целиот тој процес е театарска претстава, со платени актери, но на „осудениот“ му се дава можност да бира дали сака да го доживее ова искуство. Се разбира, за престој во занданата во Шкотска треба да се плати многу скапо.
Во последните неколку години, авантуристички одмор нудат туристичките агенции во сите бивши југословенски земји, па и во Република Македонија. Со оглед дека, гледано во светски рамки, туризмот е една од најпрофитабилните стопански гранки, по сè изгледа дека во иднина одмор нема да се поминува на некоја егзотична песочна плажа, туку токму во затвор, пештера, гробници, радиоактивни подрачја и локации на масовни злосторства. Тоа го покажуваат статистистичките податоци за профит во туризмот. Според валидните американски агенции, во 2018 година, профитот од авантуристички туризам изнесувала 683 милијрди долари, а се предвидува, во 2026 година, тој да изнесува 1.100.000 милијарди долари. Интересно е дека во светот постојат локации осмислени за сексуално уживање, а топ дестинации се Египет, Тајван, Филипини, Колумбија, Грција и Хрватска. Според пишувањето на светските медиуми, Филипините и Тајван се рај за сите видови на туризмот, но најголем профит остваруваат од секс туризмот. Во земјата на легендарната Имелда Маркос, над милион млади девојки и момчиња им нудат секс услуги на светските туристи од сите возрасти. Зад професијата, келнер или хотелски работник, се крие најголемата секс индустрија во светот.
Американците, Англичаните и Норвежаните осмислиле туристички секс тури на прекуокеански бродови, познатите крузери, така што профитот не оди во Габон или Тајван, туку останува на големото пловило, односно во касата на сопственикот на крузерот. Аномалија на овој вид туризам е што од него произлегува чумата на 21 век – трговија со бело робје, со млади девојки, па и деца, која се одвива на релација помеѓу спомнатите секс дестинации и Западот.
Па, драги читатели на „Штит“, доколку имате фантазија, желба и многу пари, денес имате можност да го искусите сето она што го нудат овие нови туристички видови и задолжително тоа потврдете го со фотографија или видеозапис. Мобилниот телефон ви е при рака, но кога ќе се вратите од „одморот над одморите“, држете го понастрана од брачниот другар.

Миле Раденковиќ





# Салвадор Дали
# Генијот нема право да умре

Салвадор Доминго Фелипе Јакинто Дали и Доменех, маркизот на Дали од Púbol, попознат како Салвадор Дали, е шпански надреалист, уметник познат по својата техничка вештина и впечатливи и бизарни сцени во неговите дела

Салвадор Дали е роден на 11 мај 1904 година во градот Фигерес, во регионот Емпорда, блиску до француската граница во Каталонија, Шпанија, во благородничко семејство. Неговата мајка Фелипа Доменех Ферес е таа која ги охрабрувала сите уметнички потфати на нејзиниот син. Салвадор Дали го добива своето формално образование за ликовни уметности во Мадрид каде што иако под влијание на импресионизмот и ренесансните мајстори во младоста, тој уште тогаш покажал огромен интерес за кубизмот и авангардните движења. Салвадор Дали ја имал својата прва јавна изложба во Општинскиот театар во Фигерес во 1918 година, место на кое ќе се врати неколку децении подоцна. На почетокот на 1921 година, семејството Пишо го запозна Дали и со футуризмот. Во 1922 година, Дали започнува со студентски престој во Мадрид, каде што студирал на Кралската академија за ликовни уметности во Сан Фернандо. Во тој период Салвадор Дали станува близок пријател со Пепин Бело, Луис Буњуел, Федерико Гарсија Лорка и други поврзани со Мадридската авангардна група „Ултра“.
Во април 1926 година Дали за прват патувал во Париз каде што го запознал Пабло Пикасо, кон кого имал големо почитување. Пабло Пикасо веќе имал слушнато позитивни критики за Салвадор Дали од Жоан Миро, Каталонец кој подоцна го запознал со многу пријатели надреалисти. Бидејќи развил свој стил во текот на следните неколку години, Салвадор Дали направил некои дела под силно влијание на Пабло Пикасо и Хуан Миро. Салвадор Дали , исто така, бил под влијание на работата на Ив Танги, кој подоцна наводно ѝ рекол на внуката на Танги: „Си штипнав сè од вашиот вујко Ив“.
Салвадор Дали ја напуштил Кралската академија во 1926 година, непосредно пред неговите завршни испити.
Салвадор Дали се приближува до надреализмот во доцните 1920-ти и се приклучува на надреалистичката група во 1929 година, набрзо станувајќи еден од нејзините водечки експоненти. Неговото најпознато дело „Упорноста на меморијата“ е завршено во август 1931 година и е едно од најпознатите надреалистички слики.



За време на Шпанската граѓанска војна (1936-1939), Салвадор Дали живее во Франција, пред да замине за САД во 1940 година, каде што постигнува огромен комерцијален успех. Салвадор Дали се враќа во Шпанија во 1948 година, каде што го обзнанува своето враќање во католичката вера, период кога го развил својот стил на „нуклеарен мистицизам“, врз основа на неговиот интерес за класицизмот, мистицизмот и тогашните нови научни случувања. Уметничкиот репертоар на Дали вклучува сликарство, графичка уметност, филм, скулптура, дизајн и фотографија, понекогаш во соработка со други уметници. Пишувал и поезија, автобиографија, есеи и критики. Главните теми во неговата работа се соништата, потсвеста, сексуалноста, религијата, науката и неговите најблиски лични односи, сето ова под големо влијание на Фројд . На разочарување на оние кои го почитуваа неговото сликарство, ексцентричното и наметливо однесување во јавноста често привлекуваше поголемо внимание отколку неговите уметнички дела. Неговата јавна поддршка за франковистичкиот режим, неговите комерцијални активности и квалитетот и автентичноста на некои од неговите доцни дела, исто така, беа контроверзни. Животот и работата на Салвадор Дали имаа важно влијание врз другите надреалисти, поп-артот и современи уметници . Неговите подоцнежни дела на нуклеарниот мистицизам ги вклучуваат „La Gare de Perpignan“ (1965) и „Халуциногениот тореадор“ (1968–70). Во 1980 година, на 76-годишна возраст, здравјето на Дали нагло се влошило и тој бил лекуван од депресија, зависност од дрога и симптоми слични на паркинсоновата болест, вклучително и силен тремор на десната рака. Исто така, имаше тврдења дека неговата жена Гала го снабдувала Дали со лекови од нејзините сопствени рецепти.



Во јули 1986 година, на Дали му е вграден пејсмејкер. По враќањето во неговиот театар-музеј, тој кратко се појави во јавноста, велејќи: Кога си гениј, немаш право да умреш, бидејќи ние сме неопходни за напредокот на човештвото. Во ноември 1988 година, Салвадор Дали е хоспитализиран со срцева слабост. На 5 декември 1988 година, тој бил посетен од кралот Хуан Карлос, кој признал дека отсекогаш бил сериозен приврзаник на Дали , а тој му дал на кралот цртеж ,,Глава на Европа“, кој бил последниот цртеж на Салвадор Дали. Утрото на 23 јануари 1989 година, Салвадор Дали починува од срцев удар на 84-годишна возраст. Погребан е во криптата под сцената на неговиот театар-музеј во Фигерес.

м-р Трајче Чатмов




# Восхитени од убавините и културно-историското богатство на Република Северна Македонија

На барање на Командата на СЕЕБРИГ, Канцеларијата за примарна одговорност за поддршка на СЕЕБРИГ (КПО) изготви предлог и план за студиско-трупно патување со припадниците на Командата на СЕЕБРИГ и членовите на нивните семејства. Целта на оваа патување беше запознавње со културно-историските знаменитости на нашата земја, природните убавини и, секако, меѓусебното дружење

Сите со нетрпение го очекуваа датумот кога треба да се замине на студиско-трупното патување, а според кажувањата на припадниците на СЕЕБРИГ, особено нетрпеливи и возбудени за претстојното патување биле членовите на нивните семејства. Конечно, кога дојде и тој ден, не можеше а да не се забележат лицата на среќните и насмеани дечиња кои беа видно возбудени и нетрпеливи за претстојното патување. Прво место кое го посетија беше Лешочкиот манастир „Св. Атанасиј". Таму беа пречекани од свештените лица од манастирот и од вработените од музејот во Тетово кои несебично се потрудија да го раскажат историјатот за прекрасниот манастирски комплекс. Планираната едночасовна посета на манастирот помина многу бргу бидејќи имаше навистина многу што да се види и да се слушне. На крај не изостана и заедничко фотографирање, а од страна на командантот на домаќините им беше поделена монета од СЕЕБРИГ. За жал, дел од припадниците на СЕЕБРИГ не беа во можност да го посетат овој преубав комплекс бидејќи во тоа време беа во посета на тетовската касарна „Кузман Јосифовски-Питу" каде беа пречекани од командантот на Касарната и клучниот персонал од единицата стационирана во истата. Припадниците од тетовската касарна за оваа прилика имаа подготвено презентација за единицата. Пред самиот крај од посетата на тетовската касарна од страна на командантот на СЕЕБРИГ им беа поделени плакети на командантот и неговите клучни соработници.
Патувањето продолжи кон Националниот парк Маврово, каде бевме пречекани од вработените во Репродуктивниот центар за европски елени, односно сафари паркот „Бунец". Прошетката низ центарот беше пријатна и возбудлива за сите, особено за дечињата кои се надеваа дека ќе имаат среќа да видат елени одблизу во огромниот комплекс кој зафаќа површина од 430 хектари. Особено интересна е кулата за набљудување, како идеално место за фотографирање на прекрасната природна убавина, а за дечињата посебно интересна беше едукативната патека.
На крајот од дружењето со вработените од Националниот парк, од страна на командантот на СЕЕБРИГ им беа поделени монети. По сместувањето во хотелот, ручекот и краток одмор, во попладневните часови се упативме кон Галичник каде по кратко предавање и обука за безбедно јавање на коњи беше организирана кратка тура со јавање. Буквално сите беа презадоволни од оваа несекојдневно доживување, особено дечињата на кои им беше дозволено да јаваат (заради ограничување на возраста). На крај од

оваа тура на јавање на коњи не изостана и дегустацијата на традиционално јадење и сирење од Галичкиот крај. Не изостанаа бројните заеднички фотографии, а како знак на благодарност од страна на командантот, на домаќините им беа поделени монети. Дедото од село Галичник само за нас во доцните вечерни часови ја отвори црквата „Св. Петар и Павле“ за да ги видиме убавините на црковниот храм, за што припадниците на СЕЕБРИГ и членовите на нивните семејства му се бескрајно благодарни. По напорниот и возбудлив прв ден од патувањето, време беше да се вратиме во хотелот, да се одмориме и да собереме сили за наредниот ден. Вториот ден започна со посета на пештерата Шаркова дупка, која исто така се наоѓа во Националниот парк Маврово. Впечатоците од самата пештера беа прекрасни, а од страна на водичот ни беше појаснето кога и како била откриена пештерата и зошто се вика Шаркова дупка. Следна дестинација беше посетата на манастирот „Св. Ѓорѓи Победоносец“ или познат како Раички манастир. Таму нè пречекаа монахињите кои нè запознаа со историјатот на преубавиот манастирски комплекс. Особено интересен беше фактот дека токму во тој манастир од вештите раце на монахињите се изработуваат архиерејските митри кои се познати во целиот православен свет, бидејќи круните кои тие ги изработуваат ги носат владиците во Америка, Русија, Африка, Германија, Полска, Чешка, Бугарија, Србија и Грција. Имавме можност да видиме дел од моштите на Свети Ѓорѓи, односно дел од дланката на Свети Ѓорѓи. Патувањето го продолживме кон Вевчани. Потврда за нашето традиционално гостопримство е фактот што во општината топло добредојде ни посака лично градоначалникот на општина Вевчани, кој отствари и кратка средба со националните претставници од Командата на СЕЕБРИГ на која беа разменети плакети. Посетата продолжи со прошетка и запознавање на убавините на Вевчанскиот крај, како и запознавање



со надалеку познатиот Вевчански карневал. Токму во Вевчани за време на ручекот во еден од тамошните ресторани беа дегустирани и традиционалните македонски јадења. Следниот ден за претставниците на Командата на СЕЕБРИГ беше организирана посета на касарната во Кичево каде што беа пречекани од командантот и неговиот штаб, а за тоа време членовите на нивните семејства имаа можност да се прошетаат и да се запознаат со убавините на Струга и на струшката чаршија. Четвртиот ден од студиско-трупното патување почна со посета на Исак Челеби џамијата во Битола каде нè пречека и ни посака топло добредојде тамошниот муфтија кој нè запозна со историјатот на џамијата. Неизбежен дел беше и прошетката низ Широк-сокак. Следна дестинација беше Дојран каде ја поминавме и последната ноќ од нашето патување. Последниот ден од патувањето го започнавме со посета на старата Турска бања во Дојран каде бевме срдечно пречекани од претставници од Општина Дојран. За жал, овојпат претставниците на Командата на СЕЕБРИГ не можеше лично да ги пречека градоначалникот бидејќи бил на службен пат, меѓутоа тука беа претставници од неговиот кабинет кои нè придружуваа во посетата на Турската бања и Саат-кулата во Дојран. Пред да се разделиме, ни беа поделени промотивни и рекламни материјали кои тие специјално ги подготвиле за нас. Ова е уште еден факт дека нашата армија има голем респект и е почитувана од сите институции во државата. Во продолжение неизбежна беше посетата на прекрасните Колешински и Смоларски Водопади каде што направивме многу фотографии. Пред самиот крај од ова патување, заеднички ручек поминавме во прекрасниот комплекс „Лебедово езеро“. Пред да се разделиме, на крајот од патувањето, ги прашавме припадниците на Командата на СЕЕБРИГ и членовите на нивните семејства за нивните впечатоци и забелешки доколку ги има, на што сите во еден глас одговорија дека ова за нив било едно прекрасно и незаборавно доживување кое засекогаш ќе остане во нивните сеќавања. Ова патување беше одлична можност и прилика да ги запознаеме со мал дел од убавините на нашата земја, како и можност за дружење со семејства кои доаѓаат од различни држави, нации, религии и култури..

Марјан Кировски







# Смоларскиот и Колеш… природен рај

На северните падини под Беласица, на околу 600 м надморска височина, по текот на реката Ломница, во с. Смолари, се наоѓа Смоларскиот Водопад. Висок е 39,5 метри. Овој водопад е единствен постојан водопад со пад на водата од таа височина.
За да стигнете до водопадот во Смоларе, село како и во повеќето во Македонија, мало село во кое живеат љубезни и гостопримливи луѓе, треба да патувате по тесен, кривулест пат. Внимавајте, патот е тесен и затоа треба да ја намалите брзината, бидејќи тука постојано се движат трактори, затоа што главно занимање на населението кое живее тука е земјоделството. Откако ќе го оставите возилото на паркингот, треба да се искачувате нагоре по патеката што е изградена до платото пред водопадот.
Полека, никој не ве брза, за околу 30 минути ќе стигнете до водопадот. Попатно можете да се одморите на бројните дрвени клупи, да вдишете чист и здрав воздух. А, кога ќе стигнете на крајната цел, ќе ве пречека убавина. Силно жубори водата од водопадот, кој е тектонски предиспониран со раседна структура која лежи попречно на правецот на течењето на водата на Смоларска Река. Ќе ве воодушеви со брзината на водата која паѓа на дното, каде е формиран лонец, чија должина во правец на течењето на речната вода и изнесува 5 метри, широчината е 11 метри, а длабочината се движи од 0,5 до 0,7 метри. Останете подолго тука, направете фотографии за спомен и уживајте. Погрижете се природата да ја оставите чиста.
Колешинскиот Водопад исто е на северните падини на планината Беласица, ама во долниот тек на реката Баба, со надморска височина од 500 метри. Водопадот е со височина од 15 м, со широчина на падот од околу 6 метри. Колешинскиот Водопад е тектонски водопад, создаден во гранитни камења. Во непосредна близина на водопадот има уште неколку други, распоредени во низа, високи од два до четири метри. Патеката до Колешинскиот Водопад не е толку стрмна како на Смоларскиот. Можете побрзо да ја искачите, а кога ќе стигнете до него ќе уживате. Одморете се, почувствувајте ја природата. Направете фотографии за спомен. И, што е најважно, посакајте повторно да дојдете тука во природниот рај под Беласица.

Каролина Мицевска

# шинскиот Водопад –
# под Беласица















